# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 ноември 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Есад Рахиќ, Трифун Костовски, Лилјана Ивановска, Андреј Жерновски, Слободан Најдовски, Зоран Томиќ, Фазли Велиу, Али Ахмети, Марија Којзеклиска, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски и Никола Груевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 85 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Народниот правобранител и Главниот државен ревизор и заменикот на претседателот на Државната изборна комисија.

Записниците од Триесет и деветтата и Четириесет и втората седница Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците од Триесет и деветтата и Четириесет и втората седница? (нема).

Констатирам дека записниците од Триесет и деветтата и Четириесет и втората седница се усвоени без забелешки.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница, да се дополни со верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итната и неодложна потреба, верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија, да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам потпретседателке, почитувани пратеници,

Итната и неодложна потреба произлегува од обврската од член 16 од Деловникот, на пратениците кои доаѓаат од листата за остатокот на мандатот, им се верификува истиот на првата наредна седница на Собранието. Бидејќи, знаеме дека на минатата седница на двајцата наши колеги им престана функцијата, поради именување на други функции, наредните кандидати од листата добија уверение од Државната изборна комисија и нивните мандати им беа верификувани од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Врз основа на тоа предлагам да биде дневниот ред дополнет со таа точка на оваа седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на Комисијата, верификацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 61 пратеник гласал за и 5 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на кандидат за претседател на Собранието Ви е поделен.

Го молам известителот на Комисијата, господинот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба изборот на претседател на Собранието да се изврши на оваа седница.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги,

Мислам истото она што го кажа пред малку колегата Кондарко, главно, потребата од итна и неодложна расправа на Собранието на Република Македонија и одлучување за потребата за избор на претседател и за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, произлегуваат од членовите 56 и 131 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, каде што се утврдени надлежностите на претседателот на Собранието на Република Македонија, како и член 57, 58, 59 и 131 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Поради тоа, бараме на оваа седница да се одлучува за овие прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, 60 за, 2 воздржани и 7 гласале против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни и со избор за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на кандидат за потпретседател на Собранието Ви е поделен.

Го молам известителот на Комисијата, господинот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба оваа точка да биде ставена на дневен ред.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитувана потпретседателке,

Итноста на потребата за денешната расправа за одлучувањето за потпретседател на Собранието на Република Македонија односно за неговиот избор произлегуваат од член 57, 58, 59 и 131 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Поради тоа, предлогот е на денешната расправа да се одлучи исто така по изборот на потпретседателот на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 58 за, 1 воздржан и 13 гласале против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија.

2. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

3. Избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

4. Предлог на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на наплата на јавните приходи, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за вршење на услуги брз трансфер на пари, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита;

10. Предлог за донесување на закон за трговските друштва;

11. Предлог за донесување на закон за вино;

12. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија;

13. Предлог за определување на бројот на заменици на Народниот правобранител;

14. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 72 пратеници гласале за и 2 воздржани.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**Минуваме на точка 1 - Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани пратеници,

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на седницата одржана на 17 ноември го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија, врз основа на кој Државната изборна комисија на новите пратеници од листата им издаде уверение и притоа констатираше дека нема никакви процедурални пречки на истите да им биде верификуван мандатот на оваа седница на Собранието на Република Македонија. Согласно извештајот, на местата на нашите колеги на кои им престана мандатот, поради именување на други функции доаѓаат г. Борче Петковски од листата на СДСМ, ЛДП, Демократската лига на Бошњаците во РМ, Обединетата партија на Ромите од Македонија, Демократската партија на Србите од Македонија, Демократската партија на Турците од Македонија, Демократскиот сојуз на Власите од Македонија, Работничко - земјоделската партија на Македонија, Социјалистичка христијанска партија на Македонија и Зелената партија на Македонија.

Од Изборната единица број 5, господинто Борче Петровски и господинот Јусуф Арифи од Изборната единица број 6, кој доаѓа од листата на Демократската Унија за Интеграција. Врз основа на наведеното, а согласно претходно образложената итна и неодложна потреба, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања му предлага на оваа седница да биде верификуван мандатот на овие двајца наши колеги.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратениците Борче Петровски и Јусуф Арифи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 88 пратеници, 87 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратениците Борче Петровски и Јусуф Арифи.

Им честитам.

Јас ве молам колеиг пратеници, да останеме на местата за пет минутна кратка пауза, за да можеме да ги приклучиме двајцата пратеници да бидат во состојба и тие да гласаат во текот на седницата.

**Минуваме на точка 2 - Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Ви е поделен.

Предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија ќе го образложи известителот на Комисијата, господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претседатели и членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2003 година, утврди Предлог на кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија, при што за кандидат го предлага професот доктор Љупчо Јордановски, пратеник во Собранието на Република Македонија и претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Во одредбите на членовите 56 и 131 од Деловникот на Собранието на Република Македонија утврдени се надлежностите на претседателот на Собранието на Република Македонија. Со оглед на тоа што извршувањето на овие надлежности е од особено значење за ефикасна работа на Собранието согласно Деловникот, како и поради тоа што досегашниот претседател на Собранието е избран на нова функција, потребно е Собранието на Република Македонија на оваа седница да избере претседател на Собранието на Република Македонија.

Професор д-р Љупчо Јордановски во изминатиот период како пратеник и претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата активно учествуваше во работата на Собранието. Имено, пратеникот Љупчо Јордановски со

особен интерес учествува и во работата на другите работни тела, делегации и пратенички групи за соработка со одделни парламенти, правата и обврските што произлегуваат од професионалното вршење на функцијата пратеник, ги почитувал и извршувал навремено и квалитетно и во согласност со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Поради ова, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2003 година, утврди предлог за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија и му предлага на Собранието на Република Македонија овој Предлог да го разгледаат на оваа седница.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ преку своите претставници во Комисијата за прашања на изборите и именувањата вчера го соопшти ставот во врска со кандидатурата на г. Љупчо Јордановски. Ставот е негативен односно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа против изборот на г. Љупчо Јордановски за претседател на Собранието на Република Македонија од следните причини.

Имено, на македонската јавност и на сите нас овде, веќе подолго време ни е јасна една присутна односно еден присутен едностран и вербален конфликт на г. Љупчо Јордановски према претседателот на Републиката Борис Трајковски, а сите знаеме односно Уставот кажува така дека во отсуство на г. Борис Трајковски како претседател на државата, таа функција ќе треба да ја врши ново избраниот претседател на Собранието односно г. Љупчо Јордановски. А, како ќе ја врши, ако има постојан конфликт со г. Борис Трајковски, но сепак, меѓу нив, треба да постои постојана усогласеност и постојана коресподенција во такви прилики. Од тие причини пратеничката група смета дека многу битно за државата односно за Република Македонија е таквиот негативен однос на г. Љупчо Јордановски према

претседателот на државата и затоа изгради таков став односно нема да ја поддржи кандидатурата на г. Љупчо Јордановски.

Инаку, г Љупчо Јордановски во досегашната работа како претседател на Комисијата за избори и именувања, исто така, не ветува многу дека ќе биде коректен во својата работа како претседател на Собранието према опозицијата, бидејќи во многу наврати не ги уважуваше предлозите на опозицијата во врска со предлагање на членови односно на оние места каде што е надлежно Собранието за избори и именување. Тоа особено се покажа при изборот на членови на Републичкиот судски совет и на Уставниот суд. Меѓутоа, да се надеваме со силата на парламентарното мнозинство по неговиот избор дека г. Љупчо Јордановски ќе се поправи во таа насока и ќе биде коректен во врска со настапите на пратениците од опозицијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван премиер, почитувани пратеници,

Веднаш на почетокот ќе кажам дека мојот став нешто ќе се разликува од ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, поточно нема да се изјаснам против, ќе бидам воздржан.

Она што г. Чедомир Краљевски го кажа како елемент кој му се става на г. Љупчо Јордановски, неговата комуникација што треба да ја има со претседателот на државата како аргумент да гласаме против, мене напротив, тоа ми дава аргумент, во најмала рака да бидам воздржан. Еве зошто.

Прво, со самиот избор на г. Љупчо Јордановски, г. Борис Трајковски може да воздивне, поточно може да се ослободи од потенцијалниот страв, кој што буквално на секоја седница г. Љупчо Јордановски му поставуваше да си поднесе оставка. Длабоко сум убеден дека како претседател на Собранието, таков луксуз г. Љупчо Јордановски нема да си дозволи, затоа што во иднина сакал тој или не ќе мора да соработува со г. Борис Трајковски. Секако, во оние ситуации како што предвидел самиот Устав.

Инаку, да бидам искрен, еве можеби една недела откако избравме министер за финансии, досегашниот претседател г. Никола Поповски, кога се

исчекуваше кој ќе биде оној кандидат кој што ќе ја заземе фотелјата, поточно кој ќе биде овде првиот меѓу еднаквите, се слушаа повеќе варијанти, лично јас очекував дека тоа ќе биде можеби г. Тито Петковски, меѓутоа пак, поучен од целиот негов став, кој што сите добро го знаеме дека не би можел да соработува со г. Борис Трајковски од познатите причини и навистина ме зачудува сега прифаќањето на кандидатурата на г. Љупчо Јордановски, кој мислам дека тешко ќе може да издржи овие наредни години што преостануваат, а да не го повтори и да апсолвира прашањето кога г. Борис Трајковски ќе поднесе оставка.

Јас ќе се разликувам од ставот на пратеничката група и ќе бидам во најмала рака воздржан.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани колеги, господине премиер.

Денешните именувања во фазата на образложение во врска со овие кандидатури од страна на ДПА во однос на гласањето за избор на претседатле и потпретседател на Парламентот ќе го анализирам од актуелната ситуација што се случува во државата, бидејќи станува збор за многу високи функции кои што можат да влијаат или не во подобрувањето на ситуацијата.

Државата се соочува со многу големи, сериозни проблеми, дури и за опстанокот на државата. Мислам дека Рамковниот договор се имплементира со брзина на желка. Мислам дека најголем број на имплементирањето на деловите од Договорот не се спроведува, невработеноста е голема, економската ситуација е многу тешка. Мислам дека оваа коалициона Влада од мнозинтството на пратениците во Парламентот уште еднаш докажува дека иако е нова коалиција, покажува дека е застарена коалиција. Таа докажува од ден на ден дека нема капацитет за соочување со овие предизвици. Тоа е една заморена, изморена коалиција, без енергија и без добра волја за соочување со реалноста. Барем да се констатира лошата ситуација со која се соочуваат секојдневно нашите граѓани. Нема интенција и нема квалитет дека може да не убеди дека може да се помести нешто од сегашната ситуација во позитивна насока.

Приодот на ова мнозинство во Парламентот е кадарот, претседателот и бившиот претседател и бившиот потпретседател, бидејќи станаа нови министри значи не доведуваат во ситуација дека тие дојдоа од Парламентот во Владата, а тоа значи дека мнозинството што ги добија изборите, значи го намалува дигнитетот на

Парламентот и ги зима добрите кадри, таканаречени, ги зема во Владата и априори сведочи дека тие кои што останавме можат да бидат заменети.

Во името на сето ова што го кажав ние мислиме дека на оваа држава и треба нова опција, нова енергија, нови луѓе кои што ќе знаат да убедат дека можат да ја извлечат државата од сегашната криза.

Мислам дека најдобро решение е да се распишат нови парламентарни избори, да добиеме нова Влада, а сегашната Влада да си замине, да си го остави местото на нова енергија, на нови луѓе кои што треба да ја спасат државата од овој пат без повраток.

Ние како опозиција  ќе гласаме против двата избори со надеж дека можеби ќе ни се придружи некој колега од позицијата и заеднички да гласаме за иднината на оваа држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа пратеници, господине премиер,

Денес е свечен чин, без разлика дали тоа сака некој да го признае или не. Сигурно дека ова е петти односно шести избор на претседател од 1990 година. Честа ја има господиот Љупчо Јордановски.

За господинот би кажал тоа дека го среќавав рано сабајле во 8 саатот тука, прв во Собранието. За овој период тоа можам да кажам за господинот, дека го среќавам.

По однос на она што и денеска е свечен чин, јас не го гледам претседателот Трајковски, не барам од господинто Јордановски да му се извини, но јас би гласал за господинот Јордановски ако остане принципиелен и кога би барал принципиелна оставка на господинот Трајковски. Човекот треба да биде принципиелен и кога е претседател на Собрание и премиер, и претседател на држава, треба да остане принципиелен. Јас тогаш би гласал, кога вие нон стоп од позиција на претседател би барале оставка. Тоа е во врска со принципиелноста.

Другото што стои како отворено прашање дека дигнитетот треба да се држи на едно ниво, мислам иако работите на проблемтатиката земјотреси и потреси не би требало да го тресете Собранието, би требало да работите на дигнитетот, затоа што дигнитетот на Собранието е паднат. Анкетите кажуваат дека околу 86% од граѓаните

не веруваат на парламентарците. Значи, сериозно треба да се позанимавате со оваа проблематика.

Останувам на тоа ако дадете јавно збор дека ќе останете принципиелен и дека ќе барате оставка ќе гласам за ваш избор за претседател.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господин Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас имам реплика на господинот Чедо Краљевски, односно на ставот на ВМРО-ДПМНЕ. Станува збор за следното.

Овде од оваа говорница бившиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ чубчо Георгиевски јавно се извини на македонскиот народ и ја кажа својата грешка, односно грешката на партијата за нивното кандидирање за Борис Трајковски за претседател на РМ. Дали сега ставот на оваа партија еволуирал односно е изменет или ова се некакви лични грижи односно загриженост на поедини пратеници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Чедо Краљевски, реплика од една минута.

ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:

Почитуван колега, според нашиот Устав постојат две функции - претседател на државата и претседател на Собранието. Во отсуство на претседателот на државата функцијата претседател на држава ја врши претседателот на Собранието. Јас не коментирам сега за личниот однос или дали некој се оградил или дали го поддржува оваа пратеничка група претседателот на државата, коментирам само една ситуација која се создава во моментот. Имаме едностран вербален конфликт од страна на господинот Љупчо Јордановски према претседателот на државата Борис Трајковски. Тоа е моментална ситуација, ништо повеќе. Принципот е тој дека не постои коректен однос помеѓу овие две персони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Каревска-Топузовска.

РОЗА КАРЕВСКА-ТОПУЗОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, ја корисам можноста да кажам дека пратеничката група на Либерално-демократската партија ќе даде безрезервна поддршка за изборот на господинот Љупчо Јордановски за претседател на Собранието на Република Македонија.

Сметам дека со својата едногодишна работа во Парламентот господинот Љупчо Јордановски покажа дека функцијата ја обавува со изразено чувство на одговорност и со тоа во целост ја оправдува довербата која му ја дадоа граѓаните.

Ако кон сето ова се додадат и другите особини кои што го красат овој човек, како што е чесноста, принципиелноста, доблесноста и неговото чувство за правичност, сметам дека тоа е доволно кажано за пратеничката група на ЛДП да го поддржи предлогот што го имаме на дневен ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и согласно со член 67 став 1 од Уставот на Република Макеоднија и член 24 од Деловникот на Собранието,

Собранието од редот на пратениците избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Преминуваме на гласање.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 92 пратеници.

За гласале 65 пратеници,

Воздржани 7 пратеници.

И негативно 20 пратеници.

Констатирам дека пратеникот проф. д-р Љупчо Јордановски е избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз).

(Господинот Љупчо Јордановски за време на аплаузот станува од местото и ги поздравува пратениците).

Ова е прилика да го искажам своето уверување дека со господинт Љупчо Јордановски ќе имаме добра соработка, како што имавме со господинот Никола Поповски, на тоа место претходно. Исто така ова е добра прилика да му се заблагодарам и на господинот Никола Поповски за соработката, а на господинот

Љупчо Јордановски да му пожелам успешна работа, добра соработка и успех во целокупната работа.

Го молам претседателот на Собранието да даде свечена изјава и ве молам сите да станеме.

(Претседателот оди кон масата која е подготвена за потпишување на изјавата).

(Госпоѓата потпретседател го замоли претседателот на Собранието да повторува по неа).

Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

(Господинот претседател ја потпишува изјавата).

(Аплауз).

Го молам претседателот на Собранието да го заземе своето место.

(Претседателот на Собранието се упатува кон неговото место).

(Госпоѓата потпретседател му честита на претседателот на Собранието и се упатува кон нејзиното место).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Јас сепак мојот поздравен говор ќе го кажам од парламентарната говорница, каде што и го стекнав едногодишното искуство.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претседатле на Влада и членови на Влада, почитувани гости,

Можеби малку невообичаено, но би сакал од ова место, од оваа говорница, од каде во изминатата година ги спротивставувавме нашите аргументи исправено со најголема искреност да ви заблагодарам за укажаната чест и доверба да раководам со Парламентот на Република Македонија.

Дозволете исто така во мое, а се надевам и во ваше име топло да се заблагодарам на мојот претходник, нашиот поранешен колега и претседател на ова Собрание, на господинот Никола Поповски за неговата над се успешна работа и поставените стандарди во работата и раководењето.

И како што вчера изјавив се надевам дека со ваша помош и заедничка работа ќе успеам да ги достигнам височините на господинот Никола Поповски.

Почитувани пратеници и почитувани колеги,

Велат за да се биде претседател на Парламентот потребно е да се има долгогодишно парламентарно искуство. Искрено и јас мислам така, но сепак постои нешто што е потребно да се има, а е многу поважно и побитно за успешно и пред се одговорно раководење. Тоа е имање на чувство за правда и чест, чувство за почит и респект и над се чувство за одговорност. Јас лично се надевам дека овие три чувства ќе бидат моја ѕвезда водилка во раководење на овој дом. Јас исто така се надевам дека сите ние овие три чувства подеднакво ќе ги практицираме со взаемна почит, затоа што на крајот на краиштата претседателот на Парламентот е само прв меѓу еднаквите.

Благодарам уште еднаш.

(Аплауз).

Минуваме на точката 3 - Избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседател со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Ќе се обидам пред вас да евоцирам некој преглед на настани и изјави кои што се случија во претуодните две ипол години и сега пред нас да имаме предлог господинот Хисни Шаќири да биде предложен за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Би почнал со првиот преглед, тоа е пратеникот Хисни Шаќири од општина Липково заминал во редовите на ОНА. Првата негова изјава на 5.05.2001 година “ние не напаѓаме, но сме провоцирани од македонските сили. Албанското население на општината Липково да не ги напушта своите домови, затоа што тие се нивните огништа. Ние секаде ја набљудуваме состојбата, ако се случи некаков масакар за албанското цивилно население од градот Куманово ние ќе нападнеме таму каде што ќе биде најтешко за Македонија” - изјавата е на господинот Хисни Шаќири.

“Министерството за внатрешни работи поднело кривична пријава за повикување на насилна промена на Уставот против одметнатиот пратеник во Републичкото

Собрание Хисни Шакири. Против четири други лица е поднесена кривична пријава “за здружување заради непријателска дејност”. Од избувнувањето на кризата 28 лица биле уапсени под сомнение дека тие го сториле кривичното дело “недозволено држење на оружје и распрснувачки материјали”. Уапсените се предадени на истражните судии и против нив е отпочната истрага”.

Изјава 3: “ Имам докази дека етничките албански екстремисти собираат пари не само во Америка туку и во Европа и Америка од своја страна ќе обезбеди тие пари да не одат за финансирање на екстремистичката активност што стана дестабилизирачки фактор за демократски избраната Влада во Македонија”. Ова го изјави г-динот Џорџ Буш, објаснувајки ја својата извршна наредба за блокирање на имотот на лица кои ги загрозуваат напорите за стабилизирање на Западниот Балкан, што стапи на сила ноќта на 27 јуни 2001 година. Заедно со оваа Одлука е објавена листа на лица на кои оваа наредба се однесува. На посебната листа во Анексот на извршната наредба на Буш се вклучени 23 лица, меѓу кои и г-динот Хисни Шакири, пратеник на Собранието на Република Македонија и член на ОНА од Отља.

“Комисијата за мандатно-имнунитетни и деловнички прашања вчера донесе заклучок со кој му предлага на Собранието да му го одземе пратеничкиот мандат на пратеникот Хисни Шакири, бидјеки тој го исполнил законскиот услов предвиден во Уставот, каде за неоправдано отсуство од шест месеци од работа на Собранието е предвидено одземање на пратенички мандат. Мнозинството пратеници вчеравечер гласаа да се одземе пратеничкиот мандат на Хисни Шакири, кој по избувнувањето на војната се одметна од пратеничките редови и стана војник на ОНА. Борејки се со униформата на терористите, Шакири отсуствуваше од работата на Собранието повеќе од шест месеци, што е причината поради која му е одземен мандатот. За престанок на пратеничката функција на Шакири гласаа 85 пратеници, а 3 беа против”. Ова беше се за г-динот Шакири, дел од она што е напишано да се потсетиме како тој учествуваше во таа организација и како се бореше на страната на ОНА. И се избори. Но еве, завршија изборите. Да слушнеме нашите господа пратеници од позицијата како тогаш ја гледаа целата ситуација и изборот на луѓето кои денес ни се предложени за потпретседатели.

“Политичката изолација на ДУИ би претставувала проблем за развојот на демократијата. Меѓутоа, коалицијата нема да прифати луѓе што биле инволвирани во криминал, воени злосторства и луѓе кои се под истрага на Трибуналот за воени злосторства во Хаг”. Изјавата е на г-динот Андреј Жерновски и Јани Макрадули 19.09.2002 година.

“Ставот на пратеничката група на СДСМ околу кандидатурата на Шакири не е позитивен. Не се добри реакциите од оние пратеници со кои јас разговарам. Сепак, ако го изгласа Собранието, јас ќе го прифатам”-господинот претседател на Собранието Никола Поповски.

И уште еднаш, координаторот на пратеничката група на СДСМ - “Иако е легитимно право на ДУИ да предложи кандидат за потпретседател, во интерес на заедничката иднина е да биде предложен кандидат кој ќе биде прифатлив за сите граѓани на Македонија” (25.12.2002 година).

Денес е 18.11.2003 година, значи нема поминато ни една година од изјавата на г-динот координатор на пратеничката група . Дали ова значи дека СДСМ останува принципиелен во својата непринципиелност и дали овој потпретседател ќе треба да замине прв за Меѓународниот суд во Хаг, со што уште еднаш ќе го нарушиме дигнитетот на Собранието на Република Македонија . Ако, господа, ова не е доволно за вкупната македонска јавност, а посебно за Вас, не знам што и како ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да гласаме за ваков потпретседател на Собранието. Мислам дека со ова рушите се, и вашите принципи, и се она за што народот ве изгласал да бидете во ова Собрание.

Затоа, јас како пратеник лично ќе гласам против. Оставам на другите да го искажат своето мислење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави г-динот Насуфи Џевдет.

НАСУФИ ЏЕВДЕТ:

Дами и господа,

Се разбира дека Парламентот има капацитет за одлучување и денес избира претседател и потпретседател. Меѓутоа, вистина е дека во овој момент се поставува една дилема и една потреба за да се објасни еден феномен кој се однесува на непринципиелноста. Не зборувам за кандидатот како кандидат, туку во прв план се поставува прашањето дали беше одлучно она што пред неколку дена г-динот Црвенковски даде една изјава со која ја онемаловажува личноста на г-динот Шакири. Во овој случај, се поставува прашањето зошто г-динот Хисни Шакири не ја зеде согласноста на СДСМ при конституирањето на првиот парламент. Мислам дека ова беше едно непринципиелно дејствување, така како што е и сега исто непринципиелно и неначелно. Г-динот Хисни Шакири со еден дел од пратениците од СДСМ и со нивниот концепт е судрен и во другите мандати. Ова не е за прв пат

сега, истовремено мислам дека и коалициониот партнер ДУИ не требаше да дозволи на крајот на краиштата кога ќе му текне и како ќе му текне да оцени СДСМ и да ги оцени нивните членови. Јас не мислам дека во овој случај поранешните избори не беа добри или сегашните се добри решенија, но во суштина се преминува на друго прашање, а кое се однесува на чување на достоинството на самиот Парламент.

На крајот на краиштата, доколку оценката се даде еднаш, таа оценка треба да се чува или да се оправда во продолжение. Иако апсолутни оценки немаме, но овој Парламент, оваа институција треба да го сочува своето достоинство. Зошто во овој случај го девалвира и своето достоинство? Затоа што со случајот на одењето на пратениците или на досегашните функционери на Парламентот помалку или повеќе во очите на јавноста се крши, се обесправува помалку или повеќе самата институција или законодавната власт како една уставна категорија во Макеоднија.

Не мислам да го преоценувам ниту г-динот Поповски ниту г-динот Буџаку, но не мислам да ги потценам ниту сегашните кандидати, меѓутоа, многу јасно се поставува едно прашање: Дали постои капацитет за да се излезе од оваа состојба во Република Македонија со предлозите што се дадени. Длабоко сум убеден дека за жал со самото паѓање на достоинстовто на Парламентот и со предложените лица малку може да се верува дека земјата може да излезе од една слепа улица како на економски план, затоа што има рапидно паѓање на производството, така и во политичката област затоа што имаме голем застој во имплементирањето на Охридскито договор, а истовремено и во развојот на либералната демократија во Македонија, затоа што и предложените избори, за жал, ги зачувуваат и тесните партиски и групни интереси и не се бранат интересите ниту на Парламентот , ниту на демократскиот развој на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Рустеми Ејуп.

РУСТЕМИ ЕЈУП:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Ние како Демократска унија за интеграција стоиме зад кандидатурата на г-динот Хисни Шакири тргнувајки од неговите интелектуални вредности и неговите професионални способности. Г-динот Хисни Шакири е еден многу скромен човек, а скромноста се гледа и во неговата втобиографија, кој што имал можност да напише во својата биографија голем број на негови искусни работи што ги направил досега.

Г-динот Хисни Шакири има интелектуален капацитет, има 12 годишно парламентарно искуство и истовремено способност за комуницирање кое го докажа и во овој мандат како пратеник, земајки активно учество во комисиите и во Парламентот на Македонија, истовремено и како координатор на парламентарната група на ДУИ.

Тргнувајки од овие вредности што ги поседува г-динот Хисни Шакири,ние како парламентарна група стоиме зад кандидатурата на г-динот Хисни Шакири, бидејќи сме убедени дека на едне многу достоинствен начин ќе го преставува Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Трајановски Коце.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Благодарам претседателе, Ви ја честитам функцијата и ви пожелувам успешна работа.

Почитувани претставници на Владата на Република Македонија , почитувани колеги пратеници,

Се јавив за збор за оваа точка со цел да го кажам своето мислење со оглед на тоа што со г-динот Шакири се познаваме и од претходниот мандат на Собранието на Република Македонија .

Г-динот Шакири е кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија , т.е. на највисокиот законодавен дом во Република Македонија . И ако барем малку мисли за доброто на Република Македонија и за доброто на граѓаните на Република Македонија , на припадниците на заедниците, мислам дека треба да се повлече од кандидатурата. Еве, со самото тоа што се споменува неговото име за кандидат за потпретседател или претседател на Собранието во отсуство на претседателот, а тој во отсуство на Претседателот на Републиката како што беше кажано го заменува Претседателот на државата на Република Македонија, јавноста се вознемирува, се навраќаат на сцените од војната од 2001 година во која г-динот Хисни Шакири беше активен учесник. До 2001 година г-динот Хисни Шакири повеќе од 10 години беше пратеник, имаше можност да покаже дека сака да и помогне на Република Македонија , дека сака да учествува во нејзината демкоратска изградба, меѓутоа, не го направи тоа. Во 2001 година г-динот исчезна од Собранието на Република Македонија,облече војничка униформа на една организација која направи војна, ги поздрави граѓаните преку нишанот. Таа слика, г-дине Шакири, граѓаните на Република Македонија не можат да ја заборават. Создадовте војна како активен учесник и од неа останаа кризни региони кои сеуште се црна дупка во Република

Македонија. Повеќе од 100 фамилии завиени во црнина, оставивте сирачиња без татковци. Повеќе од 10 илјади раселени лица, уништени домови, уништени верски објекти од кои раселени лица повеќе од 2 илјади сеуште не можат да ги посетат и да живеат во своите домови. Со тоа го зголемивте јазот и недовербата и омразата меѓу албанците и македонскиот народ и меѓу албанците и останатите заедници во Република Македонија . Формиравте партија ДУИ, победивте на изборите, влеговте во Парламентот на Република Македонија . Влеговте во Владата на Република Македонија . Голем преседан! Еве, една година помина од вашето владеење заедно со СДСМ и со ЛДП.

Г-дине Шакири, една година се обидувате да добиете нов лик, нов профил на личноста. Но не можете. Вашиот лик е конзервиран 2001 година. Залудни се вашите обиди. Не можете од нашата психа да ги избришете Вејце, Карпалак, Љубанци и т.н. Не можете од нашите сеќавања да го избришете плачот на фамилиите на загинатите. И што е најважно, не можете да го избришете стравот од вас и стравот за иднината на Република Македонија .

Мислам дека самата кандидатура без избор, исто така, не требаше да се случи, иако мислам дека со помошта на парламентарното мнозинство ќе бидете избрани. Еве, хипотетички, да замислиме, да се обидеме да ви простоиме, иако никогаш нема да заборавиме што направивте 2001 година. Но вие ја испуштивте можноста за простување. Еве зошто. Не им се извинивте на жртвите од војната, независно од националната и етничката припадност, како еден морален чин после секоја војна. Не ја подобривте безбедносната состојбата во кризните региони. Таа е статус кво. Без ваша согласност и без ваша придружба мислам дека не може да се оди во тие кризни региони. Значи сеуште владеете таму на начин на кој што владеевте 2001 година. Таму државата сеуште нема контрола како секоја нормална држава. Сеуште неовозможивте, несоздадовте услови за враќање на раселените, како што претходно кажав. И што е исто така многу важно, не се подобри економската состојба на граѓаните во Република Македонија на целата територија на Република Македонија , иако тоа можеби ви беше една од вашите заложби 2001 година, луѓето се разочарани од тоа.

И на крајот, пак би ви сугерирал да се повлечете од кандидатурата, би рекол за доброто на граѓаните на Република Македонија. Доволно е што сте пратеник, веќе сега како потпретседател на Собранието сигурно почесто би биле на малите екрани, почесто би се сеќавале на вас, а тоа значи на едно минато. А рековме, како што кажа потпретседателката, сакаме да одиме кон иднината.

Сметам дека во ДУИ имате пратеници кои не биле директно инволвирани во војната, ако веќе тоа е коалиционен договор што е нормално и тоа ќе биде подобар предлог. Вака се дава една лоша практика за во иднина, за потпретседател на Собранието на Република Македонија да биде избран пратеник директен учесник во војната во 2001 година.

Исто така, сметам дека СДСМ т.е. претседателот требаше да направи поголеми консултации со партијата ДУИ овој предлог да не биде предлог на ДУИ, бидјеки како што кажав некој друг предлог би бил подобар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави г-динот Тасев Орданчо.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

И јас би сакал во оваа прилика да кажам неколку реченици за кандидатот за потпретседател на Собранието на Република Македонија, за кој што сметам во оваа прилика дека истиот едноставно нема морални вредности и ќе претставува едно целосно омаловажување на макеоднскиот народ доколку биде номиниран за потпретседател на Собранието на Република Македонија . Имено, кандидатот Хисни Шакири или попознат како командант Даја, роден на 1.03.1949 година во село Отља, Кумановско, каде и што живее, има завршено Природно математички факултет во Приштина и вработен како професор по математика во Средното-техничко училиште “Наце Буѓони” и Гимназијата “Гоце Делчев” во Куманово.

Инаку е познат како носител од тоа време и организатор на противуставни активности, односно организирал протести на учениците албанци во Гимназијата “Гоце Делчев”, поради барање за водење на педагошка евиденција исклучиво на албански јазик, поради што во 1989 година му е прекинат работниот однос како професор и тоа заедно со Есад Деари и Наим Ибраими.

Исто така во 1991 година истиот е организатор и на бојкотот на пописот на населението во Република Македонија од страна на самите албанци, а во 1992 година е организатор и на таканаречениот илегален референдум на албанците од кумановско за таканаречената република илирида.

Познато е, нормално ги поседуваме тие податоци, има често патувано во Република Албанија каде остварува контакти со Авни Деари и на други носители на противуставни активности, а своите активности ги има координирано низ постојани контакти со поранешниот албански амбасадор Шабан Мурати.

До сега бил пратеник во три мандати во Собранието на Република Македонија, а неговата заложба за реализирањето на идеите за таканречената голема албанија, јавно ги има изнесено на 3 мај 2001 година преку ББС и Си Ен Ен објавени и во електронските меидуми во Република Македонија каде ја повикува својата изборна единица и пратениците албанци да се приклучат кон таканаречената она и самиот сеприклучува во првите борбени редови на таканаречената ОНА.

Од тој датум Хисни Шаќири едноставно го напушта Собранието и со оружје во рака заедно со други терористи преземаше акции спрема безбедносните сили на Република Македонија. На истиот ден во терорирстички напад беа убиени двајца припадници на АРМ.

Против истиот исто така се водеше и кривична постапка пред Основниот суд - Скопје за кривично дело вооружен бунт казниво според членот 312 од Кривичниот законик на Република Македонија.

Во текот на мај, јуни, јули и август 2001 година исто така има контактирано и соработува со одреден број на муџахедини во липковскиот дел, како и со единицата на ОНА Имри Елези која е одговорна за поголем борј на напади врз безбедносните сили и цивилите во кумановско - липковскиот регион.

Инаку, Хисни Шаќири или познат како командант Даја е познат како еден од порадикалните водачи на УЧК во Кумановскиот регион кој со своите екстремистички говори на прославите во селото Отља и во другите места, тоа е во текот на месец август 2001 година, македонците ги нарекува Словени, значи не го признава мекедонскиот народ, а македонските безбедносни сили ги нарекува варварски агресор.

Активно го поддржува спречувањето на водоснабдувањето на Куманово и околината во текот на летните месеци 2001 година од Липковското Езеро и тн.

Значи, има други многу аргументи, затоа од сите овие причини сметам дека господинот Хисни Шаќири треба да се повлече, од практични причини, а доколку не се повлече, јас едноставно нема да гласам за него како кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме уште еден дискутант.

За збор се јави господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите, принуден сум да излезам на говорница за да ги кристализирам и објаснам мозоците на неколку пратеници кои, иако помина долго време, се уште ги немаат разбистрено нивните мозоци, се уште нивниот мозок спие и гледаат соништа.

Да зборуваш за Хисни Шаќири е една посебна чест затоа што е еден од ретките пратеници кои три пати по ред го доби мандатот од својот народ. Тоа зборува многу дека тој е еден многу уважен граѓанин од своите граѓани.

Што се однесува до минатиот период и воениот период тој беше еден дел од историјата на нашата заедничка држава, Хисни Шаќири вршејќи анализа на минатата власт виде за оправдано дека државата влегува во еден тогален мрак и оди кон декаденција. За да им помогне на граѓаните го напушти Парламентот и им се приклучи на единиците на ОНА. Тој пропуст тој го направи во интерес на сите граѓани. Војната се направи и заврши така како што заврши, а за да не ги мачиме ни граѓанит ни пратеници, сега сме во сосема друга состојба, сега нашата заедничка држава и нашите граѓани од Македонија полека почнуваат да излегуваат од мракот и да одиме кон Европа. Значи, да одиме кон светлоста. Кога ја спомнуваме Европа, да одиме кон светлоста и граѓаните на Македонија ги очекува една многу добра иднина.

Во медиумите се зборува, се одвиваат разговори и контакти кои ги вршиме со меѓународниот фактор, било со НАТО, било со САД, било со Европската унија бараат да живееме заедно во мир и граѓаните на нашата држава да имаат подобра перспектива за да се вклучат во групата на култивизирани и цивилизирани народи, да влеземе во групата на државите на Европската унија.

Инаку, вака како што зборуваат некои пратеници од македонската опозиција, се чудам како имаат смелост да зборуваат за една толку голема личност и да кажат невистини и да ги лажат граѓаните. Можеби овие говори ќе поттикнат некои граѓани незнаејќи ја реалноста и да направат еден нечовечки акт и да заврши таму каде што не треба.

Ние овде работиме за човештвото, работиме на тоа нашите граѓани да одат напред и не треба пратениците од опозицијата да имаат еден ваков речник, затоа што тој речник го употребуваа на изборите на 15 септември. Рекова дека ќе ги убијат бившите припадници на ОНА, ќе ги приведат, ќе ги затворат, но македонскиот народ има висока свест затоа што знае дека со векови и децении сме живееле заедно и не и го дадоа гласот на партијата која употребуваше еден речник против албанците, еден речник против човештвото. Можеме за зборуваме многу, но не би сакал многу да се задржам, само на крај ќе кажам два - три збора за Хисни Шаќири кои е еден

многу сакан татко, родител, многу почитуван граѓанин и меѓу пратениците еден пратеник и колку што сум увидел, многу почитуван.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова се реплики или?

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Само би сакал да кажам дека немаме намера да реплицираме на еден ваков приземен или примитивен говор од страна на претходниот дискутант, така што, тоа е мојата реплика.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Немам намера да зборувам долго, не знам дали знае господинот што е примитивизам. Толку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе,

Ќе бидам многу краток, морам да реагирам на едно вакво укажување од страна на колегата од ДУИ. Требало со голема чест и пиетет едноставно да зборуваме за господинот Хисни Шаќири. Да, ние би зборувале така, ќе зборуваме така, меѓутоа, доколку неговите активности во текот на 2001 година беа насочени кон она што значи развој и економски просперитет на државата.

Меѓутоа, неговиот ангажман по планините и неговиот ангажман во рушењето, палењето, убивањето и другите вандалски чинови што беа направени во текот на 2001 година никако не можат да заслужат било каков респект.

Некаков изговор има дека наводно се во прашање човечките права. Доколку имало проблеми од таков тип на човекови права сепак има метод, тоа се разговори, договарања и преговарања, а најмалку убиства, терори и тн. Нека сфатат дека македонскиот народ нема никогаш да ги заборави злоделата што ги има направено ОНА од она што значеше рушење до убиствата на синовие на македонскиот народ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе,

Ја користам приликата да ви честитам на изборот.

Почитувани колеги, бев во дилема дали да излезам или не да кажам неколку збора, но да ви кажам право ние од кандидатурите за претседател и за потпретседател на Парламентот на некаков начин имаме лесна провокација се надевам дека е позитивна, но и дискусиите да кажам неколку збора во врска со она што денес се дискутира.

Денеска сме во една ситуација кога треба да избереме кандидат за потпретседател на Парламентот. Вистина е дека од овие дискусии што ги слушнавме денеска Парламентот добива од тоа што значи контроверза, ас контроверзни парламенти во демократски системи се многу интересна работа и кога Парламентот е интересен, тогаш и неговиот рејтин се зголемува. Денеска имаме некои тешкотии, бидејќи има неколку дискутанти во однос на кандидатурата потпретседател затоа што се ослободуваме од некои стереотипи кои ги имавме претходно. Избирајќи ги луѓето кои имаат елоквенција, имаат искуство во Парламент, кои имаат едно минато, лесно, политичко и секогаш сме гласале без некоја дискусија. Но, денеска се случува едно прекршување на менталната структура што е многу позитивно за пратениците, но и за Парламентот.

Право да ви кажам од моето искуство сум сретнал голем број пратеници кои се членови на Европскиот парламент на Интерпарламентарната унија и најинтересните разговори биле со оние пратеници кои биле дисиденти. Доколку се сеќавате, во нашиот Парламент беше некој си Мигуел Мартинез, претседател на Советот на Европа на Парламентарното собрание, но и на Интерпарламентарната унија и кога му поставив прашање за неговото минато тој рече јас војував против власта години по ред, имав лични голготи во мојот живот, бев по затвори и на кралот никогаш не сум отишол да му потклекнам со кравата, туку имам свој имиџ. Имав голем број контакти со пратеници во изминатиот период кои се пратеници на најдемократските земји во Европската унија и тие се пратеници во Европскиот парламент. Имаме разни конгресмени кои имаат интересно минато и тн.

Јас знам дека и за пошироката јавност денеска е проблем да се проголта, да се прифати едно прекршување или еден избор што денеска треба да се направи во однос на потпретседател на Парламентот, но исто така имам почит и свое мислење

дека не е лесно ни за кандидатот кој е предложен и треба да се избере за потпретседател на Парламентот.

Јас цело време, се извинувам господине Хисни, го следам, бидејќи е блиску до мене, тој постојано мрда и ја тресе десната нога, тоа значи дека тој се соочува со една војна со самиот себе во моментот потсетувајќи го на минатото и на себе, но и на колегите кои се со него денеска тука.

Но, она што е најдоброто овде кога еден пратеник со едно вакво минато дефинитивно ќе реши на институционален начин, парламентарен начин и констатира дека сега е време, дека може да се зафати со оваа работа, со оваа задача, со оваа функција, тогаш верувајте и ние треба тоа да го почитуваме и како колега и како феномен и како настан и како нешто што не се случува толку често во нашето секојдневие, не се случило ниту во нашиот Парламент.

Тука беа спомнати нештата, јас знам дека тешко се преживуваат, но не смееме да бидеме еднострани. Кога ќе се случи конфликтот, се спомнува конфликтот од 2001 година, најлошите работи се кон оние кои даваат едностран приказ и ронат солзи само една страна или само една групација, една група на луѓе. Во конфликт има трагедии, има страдање, има жртви, но тие жртви не биле само на еден народ или на една категорија на луѓе, тие беа жртви кои паднаа во еден конфликт и покрај тоа треба ние денеска да имаме почит кон нив без оглед од која страна беа, бидејќи сепак од нивното загинување ние научивме многу повеќе дека сега треба да градиме на еден попрагматичен начин, на попрактичен начин, на поинтересен начин нашата демократија овде во Република Македонија, но и во нашиот парламентарен живот.

До колку ги имаме овие работи, тогаш тоа се аргументи кои на некој начин изгледаат едно прекршување со нашето размислување, со нашата ментална структура, прифаќајќи и еден дел на историјата на овој Парламент и со вакви настани и со вакви менувања и со вакви избори за да го изградиме она кон кое сме се определиле една демократска држава и токму таму каде ги конфронтираме нашите мислења, нашите размислувања, нашите оценки за разни ситуации.

Затоа лично јас, имајќи ги предвид сите овие работи што ги кажав претходно, ја поддржувам кандидатурата односно кандидатот за потпретседател на Парламентот господинот Хисни Шаќири.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Имаме проблеми со техниката за новите пратеници, а ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе преминеме на гласање.

(Пратениците од опозицијата ја напуштаат салата пред самиот чин на гласање)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи техничкиот момент е изкорегиран. Значи, го заклучивме претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Хисни Шаќири да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот пратеникот Хисни Шаќири да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ гласаа 73 пратеници, за гласаа 68, воздржани немаше, а против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека пратеникот Хисни Шаќири е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Го молам потпретседателот на Собранието на РМ да даде свечена изјава.

Ве молам, да станеме сите.

Јас би го замолил потпретседателот да повторува по мене.

"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на РМ ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија".

(Аплауз)

Дами и господа пратеници на г-динот Хисни Шаќири му го честитам изборот за потпретседател на Собранието и да му посакам успех во работата.

Бидејќи со ова всушност ние заокруживме една целина, еден свечен дел, јас сега прогласувам пауза до 13,00 часот, а потоа ќе работиме континуирано до 16,00 часот.

(Пауза од 11,50 часот).

По паузата седницата продолжи во 13,10 часот

Продолжуваме со работа, бидејќи за расправа не треба полн состав.

Минуваме на точката 4. - Предлог закон за дополнување на Законот за локалната самоуправа.

Предлогот на законот мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници,

при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на Законот пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули и Благородна Мингова - Крепиева поднесоа амандман на член 1 во новиот член 81-а, на став 1 и 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 1 во новиот член 81-а за менување на став 1, по кој предлагачите на Законот не се произнеле.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во новиот член 81-а за менување на став 1, и на став 2, по кој предлагачите на Законот не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новииот член 81-а за менување на став 1, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Молам, еден од предлагачите на Законот да се произнесе.

Го ставам на гласање амандманот поднесен од Комисијата за политички систем.

Немаме кворум.

Ве молам службите нега ги повикаат пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Прифатен од предлагачот. Имате ли нешто да кажете?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас немам овластување почитуван претседателе, да го повлечам од името на Комисијата. Значи, претседател на комисија не може да го повлече без консултација. Јас не можев да ги остварам тие консултации. Инаку, се работи во принцип за слична работа да се брише зборот “непосредно” бидејќи не е во согласност со другата регулатива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи претпоставувам дека расправата е завршена.

Дали господинот Србиновски бара збор во врска со овој амандман?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

За дискусија сакав да се јавам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, ќе ви дојде ред.

Тогаш, бидејќи е одбиен од предлагачот, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Значи, амандманот не се усвои бидејќи за гласаа 6, против 31 и воздржани 6.

(Реакции од пратениците бидејќи нема кворум за работа).

Ги молам службите да го утврдат точниот број пратеници во салата.

Гласањето е поништено, бидејќи во салата се присутни 59 пратеници.

Бидејќи сега е обезбеден кворумот го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

За гласале 10 пратеници, воздржани 11, против 30 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 81-а, за менување на став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе за овој амандман.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Бидејќи амандманот од ЗПК не се прифати од страна на предлагачите на законот, како известител на ЗПК сметам за потребно да информирам дека и од правен и од номотехнички карактер овој амандман е подобар отколку текстот на предлогот на законот.

Оставам пратениците да одлучат по сопствено убедување, а бидејќи немам овластување од членовите на ЗПК за повлекување, значи амандманот ќе оди на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор по овој амандман? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 27, воздржани 7, против 18.

Констатирам дека амандманот не е прифате.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара ѕбор?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

По предлогот на законот за дополнување и изменување на Законот за локална самоуправа т.е. предлагачите на Законот за локална самоуправа од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули и Благородна Мингова се бара воведување на нов член 81 во постојниот закон, а кој би гласел: граѓаните правото на непосредно одлучување за прашања од надлежност на Собранието на РМ, можат да го остваруваат во општината преку непосредна комуникација со пратениците од Собранието на РМ избрани од изборната единица во која припаѓа општината. Општината за остварување на правото од став 1 на овој член организира функционирање на канцеларија во седиштето на општината за непосредни средби на граѓаните со пратениците.

Јас би имал некои коментари и сугестии за овој предлог на закон и тоа:

Прво, предлогот на закон вака срочен претставува правно теоретски и терминолошки превид, затоа што во Република Македонија нема императивен мандат и граѓаните не можат во никој случај непосредно да одлучуваат како што се вели за прашања од надлежност на Собранието на РМ.

Второ, би запрашал, со чии средства ќе се финансира работата на овие канцеларии?

Трето, како предлагачот замислува понекаде да работат и по пет-шест пратеници, од различни партии сите во иста канцеларија, а во исто време бидејќи како времето на одржување на седници, така и слободното време на сите пратеници се поклопува. И со исто лице кое ќе и асистира, а притоа да се зачува неопходната дискреција.

Четврто, што станува со општините каде нема ниту простории, ниту кадровски услови за отворање на вакви канцеларии.

И на крајот, вакви канцеларии во многу градови во РМ, и тоа пратениците од различни партии имаат свои посебни канцеларии кои се иницијално кадровски и технички финансирани од националниот демократски институтут од САД. Сега, тоа доколку е подобро решение отколку ова што се прдлага, со овој предлог на овој закон може да се внесе некој хаос во работата на пратениците и ќе не врати чекор наназад во нашата заедничка цел, поуспешна комуникација и проток на барањата, идеите и решенијата на разните проблеми на нашите граѓани кога станува збор за

она што ние како пратеници можеме да го направиме за нив. Инаку, во целост треба да се поддржи овој закон и според тоа би гласале за.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот се јави за збор и давам збор на Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Точно е дека граѓаните не ги сакаат политичарите. Тие не ги почитуваат политичарите кои ништо не знаат за нивните надежи, секојдневни стравувања, успеси и порази и за тоа навистина неможеме да ги обвиниме. Има големи политичари кои граѓаните не ги разбираат затоа што се оддалечени од нивната секојдневност, кои имаат поинакви надежи и намери, но само политичарите кои за цел ја имаат практичната вистина и кои нудат решенија за човековите секојдневни грижи и надежи, кои можат да бидат големи политичари.

Фактот дека првата фаза на овој закон ја поддржаа сите пратеници, без разлика на нивната политичка припадност, фактот дека Владата во оваа фаза даде позитивно мислење за овој закон, зборува за решеноста да се менува на политичарите кон граѓаните,зборува дека пратениците од овој состав не сакаат да им го завртат грбот на граѓаните кои им го дале легитимитетот, туку сакаат да бидат нивни доследни и вистински претставници во законодавниот дом. Тоа беше единствената цел која сакавме да ја постигнеме со овој закон. Јас се надевам дека и во оваа фаза ќе ја добиеме поддршката од сите пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Претседателе јас се извинувам што на првиот ден од вашата работа на новата функција ќе забележам нешто во водењето на седницата.

Сметам дека поминавме на делот кога водиме расправа на овој закон, по текстот на законот и сметав дека дискусиите треба да се однесуваат конкретно на текстот на законот. Овие две дискусии беа дискусии околу прашања што ги водевме, практично на почетокот кога беше овој закон во прва фаза, па јас би сакала како едно предупредување до вас и до колегите, да се придржуваат на делвоникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Никогаш не е на одмет нешто да се научи.

Јас ја прифаќам оваа забелешка и молам идните дискутанти да дискутираат по текстот на законот, бидејќи ова е втора фаза.

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го изразам својот став по законот, односно како ќе гласам, па да ми дозволите да го образложам тоа.

Прво, би сакала да предложам на предлагачите на законот да го повлечат законот, а доколку не го повлечат јас ќе гласам против овој закон и дозволете ми да образложам зошто не треба да се гласа за овој закон, вклучително каков е сега интегралниот текст после амандманите и вклучително амандманот на самите прадлагачи, бидејќи тоа е интегралниот текст со кој располагаме сега, кој не е идентичен со текстот што го имавме во првата фаза, иако ние како пратеници во секоја фаза можеме да дискутираме по самиот закон.

Не е спорна идејата за постоењето на канцеларии за непосредна комуникација на пратениците со граѓаните. Тоа всушност произлегува и од карактерот на Собранието како претставнички орган на граѓаните, покрај тоа што е носител на законодавната валст, според член 61 од Уставот.

Меѓутоа, зошто јас и гласале против и зошто апелирам да се повлеше законот, затоа што мислам дека неговата уставност е крајно спорна, јас лично сметам дека е неуставен и затоа што има други правни проблеми од суштински матријален и правен карактер и нормативно технички. Мислам дека амандманите од Комисијата за политички систем, а особено амандманот од ЗПК ќе санираше некои од овие проблеми, меѓутоа и тоа не се случи.

Прво би сакала да кажам за уставноста.

Мислам дека оваа навидум нештетна бенигна обврска за општините да организираат канцеларии за пратениците што заправо во суштина во смисла на постоење на канцеларии за непосреден контакт на пратениците со граѓаните не е спорна, меѓутоа, правно вака како што се предлага да се постави е сосема спорно и според мене претставува сериозен упат на централната власт, во случајот законодавната власт, во локалната самоуправа.

Ако ние пратениците го изгласаме овој закон, според мене, ќе ја злоупотребиме нашата власт да бидеме законодавец во оваа држава, за преку грбот на локалната самоуправа да си го решиме прашањето за нашиот претставнички карактер односно функција, на начин што практично претставува наш комодидет. Со други зборови сега локалната самоуправа, она што се предлага да биде ефектот на овој закон, покрај грижата да обезбеди канцеларии за локалнте советници кои, да

потесетам, исто така се народни избраници, само на ниво на локална самоуправа и за надлежност од прашањата на локалната самоуправа, сега треба и нас господата пратеници да ни обезбедат, или како што стои во законот да ни организираат канцеларии, при што посредно е и прашањето што го спомна почитуваниот колега од опозицијата за финансирањето на тие канцеларии, иако самиот збор финансирасње овде не се спомнува. Тоа прашање треба посебно да се разгледува, меѓутоа за да не го изгубам контекстот ќе го спомнам и тоа прашање односно прашањето за финансирањето, бидејќи предлагачите го спомнуваат само зборот организирање. Јас би прашала кој во таа канцеларија на пратениците ќе ги плаќа парното, струјата, телефонот и сите други работи во врска со организирањето на таа канцеларија да функционира.

Да потсетам, според Уставот локалната самоуправа може да добива средства За своето функционирање, покрај приходи утврдени со закон и со средства од Републиката. Значи локалната самоуправа може да добива средства од Републиката, а во случајот ефектот на законот ќе биде Републиката да биде финансирана од локалната самоуправа.

Следствено да разјаснам нешто што мислам дека е суштината на поддршката, покрај тоа дека е неспорно претставничката функција да се организира за да функционира.

Повеќето пратеници со кои разговарам и кои се расположени да го поддржат овој закон, тргнуваат од логиката, односно прашањето, па добро, ако канцеларијата не биде во просториите на локалната самоуправа, каде би била. Логички кај сите тоа е дека би била таму. Според мене одговорот на ова прашање е неспорно дека можеби е логично, здраво, разумски таа да биде во зградата каде што се наоѓа локалната самоуправа. Граѓаните впрочем се навикнати таму да одат особено во помалите места. Меѓутоа претставничката функција изразена преку канцеларии на пратениците за граѓаните, правно и финансиски мора да биде одвоена од локалната самоуправа, иако физички како просторија може да биде во зградата на локалната самоуправа. Мислам дека тука е основната забуна кај некој од пратениците. За мене основен е проблемот на уставноста и навистина сметам дека овој закон е неуставен, бидејќи претставува упад во локалната самоуправа и сето тоа што претставува локална самоуправа во сите варијанти во сите држави и во сите системи. Сега нормално некому би му делувало нелогично, ако тргнеме од претпоставката дека законот е неуставен, да дискутираме за нормативно техничките, за суштинско материјалните аспекти кои по степе на важност доаѓаат после уставноста. Меѓутоа,

јас мислам дека за нив вреди да се дискутира затоа што мислам дека ќе покаже две работи. Прво дека концепциски не се развива системот на власта, како е поставен во државата и како суверенитетот на граѓаните се остварува во оваа држава и второ за она што се вика административен и стручен капацитет во оваа држава.

Конкретно, ниту со амандманот на предлагачите, што е составен дел од нивниот закон, не го решава проблемот со насловот. Во насловот стои - соработка на граѓаните со претставниците во Собранието на РМ. Тука стојат два проблеми. Јас знам дека насловот практично е преземен од онаа глава во Законот за локална самоуправа за соработка со Владата и органите на државната управа, па сега само се преслика. Меѓутоа, проблем за мене со терминот е што може да се зборува за соработка меѓу институциите. Меѓутоа, за соработка меѓу граѓаните кои се извор на суверенитетот и оние кои само го персофиницираат во посредната демократија овој суверенитет, навистина е несоодветен. Значи може да станува збор за непосредна комуникација, непосреден контакт на граѓаните со пратениците, а не и за соработка, бидејќи тука се знае кој е носител на суверенитетот.

Понатаму во самиот наслов има проблем што се зборува за претставниците на Собранието на РМ, за потоа во самиот текст на членот да се зборува за пратеници, значи неусогласеност на терминологијата, а плус во Уставот се знае како ние се викаме. Ние се викаме пратеници, а не се викаме претставници во Собранието на РМ. Значи, има проблем со терминологијата во оваа смисла и мислам дека тоа е многу битно.

Во однос на содржината, прво сакам да го спомнам оригиналниот текст господине претседателе ако ми дозволите, бидејќи мислам покажува колку суштински не се развива системот на власт во оваа држава.

Се зборуваше, имаше конструкција како ќе функционираат или што треба да се прави во тие канцеларии, па еве ќе го расчленам да кажам што кажуваше оригиналниот член.

Се велеше дека непосредно граѓаните ќе одлучуваат за прашања од надлежност на Собранието, тоа ќе го прават во непосредна комуникација со пратениците и одозгора на сето тоа ќе го прават во општините.

Почитувани пратеници, колку што јас знам за облиците на демократија во овој контекст, односно граѓанскиот суверенитет за начинот да одлучуваат, тие одлучуваат на два начина. Едниот начин е преку избрани претставници, односно пратеници, тоа е посредната демократија, или пак непосредно преку облиците на

непосредна демократија што според нашиот Устав на уставно ниво се референдум и граѓанска иницијатива односно на ниво на централна власт, а додека на ниво на локална самоуправа покрај овие два влегува и собирот на граѓаните.

Сега некој од предлагачите мене нека ми објасни какво е тоа непосредно одлучување на граѓаните во канцелариите во општините. Колку што јас знам на денот на изборите, јас од граѓаните од мојата изборна единица добив мандат јас во ова Собрание одлучувам, одлучувам во нивно име и тоа е суштината на непосредната демократија. Функцијата на канцелариите е токму да се остварува претставничката логика на тоа мое одлучување.Меѓутоа, правно гледано одлучувањето е во моите раце, за мандат од четири години. Незнам што е тука проблемот.

Ако сакаме граѓаните за прашања од надлежност на Собранието да одлучуваат, тогаш ние како Собрание ќе треба да изгласаме, со потребното мнозинство дадено во Уставот да распишеме референдум. Тогаш одлучувањето ќе го вратиме кај граѓаните и тие по пат на референдум непосредно ќе одлучуваат за прашања од надлежност на Собранието. Тука е суштината на целата работа.

Амандманот што го поднесоа предлагачите не го решава овој проблем, бидејќи според она што е суштината на нивната измена во оригиналниот текст е дека правото на одлучување за прашања од надлежност на Собранието на РМ, повторно граѓаните ќе можат да го остваруваат во непосредна комуникација и тоа преку и во општината. Воопшто тоа не се решава. Тоа би биле оние суштински работи.

Јас само би сакала да кажам дека ми е многу жал што една ваква идеја што е нешто неспорно што ние мораме да го регулираме, се остварува на погрешен начин и од уставен аспект и од нормативно-технички и суштинско материјален правен. Затоа предлагачите треба да го повлечат законот и ова прашање да се реши на друго место. Јас иницијално мислев дека можеби законот за избор на пратеници би бил многу посоодветен, во секој случај посоодветен од Законот за локална самоуправа. Меѓутоа во тој закон се решава прашањето за изборот, прекинот и престанок на мандатот на пратениците. Значи се отвора прашањето за донесување посебен закон со кој треба да се регулираат токму правата, обврските и воопшто статусот на пратениците. Така што мислам дека тоа би биле многу посоодветно.

На крајот би сакала само да кажам дека индикативно, не е проблемот иницијативата на пратениците што во однос на правните работи можат да бидат лаици, тие имаат политичка идеја, меѓутоа и Собранието и извршната влст имаат

стручен апарат што треба да им го покаже правно вистинскиот начин како тоа да се реализира. Ова мислам дека е школски пример за онаа критика што ја добиваме од ЕУ за немање на административно стручен апарат на институциите на државната власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

На Триесетата седница на Собранието на РМ, која беше одржана на 18 јули 2003 година беше разгледан и усвоен Предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за локална самоуправа, донесен во текот на 2002 година и притоа беше усвоен заклучок, предлагачите на законот да изготват и на Собранието на РМ да му достават предлог на закон при што предлагачот во самиот предлог, при неговото изготвување да ги има предвид и да ги вгради како законски решенија мислењата и предлозите утврдени во извештаите на работните тела на Собранието на РМ, како и сите забелешки и предлози кои произлегоа од расправата на самата седница на Собранието на РМ по овој предлог.

Пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули и Благородна Мингова - Крепиева, користејќи го правото од член 71 став 1 од Уставот на РМ како и согласно член 160 од Деловникот за работа на Собранието на РМ, поднесоа Предлог на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа. Овој предлог на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа има само два члена.

Со членот 1 се предлага, во Законот за локална самоуправа кој е донесен 2002 година, по Глава 11, да се додаде нова глава 11-а и нов член 81-а кој ја има следната содржина:

Глава 11-а - соработка на граѓаните со претставниците на Собранието на РМ и членот 81-а кој гласи - граѓаните, правото на непосредното одлучување за прашања од надлежност на Собранието на РМ можат да го остваруваат во општината преку непосредна комуникација со пратениците во Собранието на РМ, избрани во изборната единица во која припаѓа општината.

Општината пак за остварувањето на правото од став 1 на овој член организира функционирање на канцеларија со седиште во општината за непосредни средби на граѓаните со пратениците. И членот 2 од Предлогот на овој закон со кој се регулира дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се применува од 2005 година, 1 јануари.

Почитувани колеги пратеници, толкувајќи ја содржината на член 1 од Предлогот на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа и посебно содржината и значењето на текстот на Глава 11-а ди членот 81-а и имајќи ја предвид суштината на образложението заради што се предлага измена на постојниот закон недвосмислено ќе констатираме дека има голема противречност и нелогичност. Меѓутоа, меѓу суштината на предложените измени и самото образложение. Значи една голема контрадикторност. Имено во образложението во Предлог законот се наведува, се предлага новата Глава 11-а со наслов - соработка на граѓаните со претставници во Собранието на РМ, значи тоа е насловот на Глава 11. Значи тука се потенцира односно преферира можноста и обврската за соработка на пратеинците со граѓаните, т.е. нивните избирачи од соодветната изборна единица. Додека член 81-а според образложението се однесува на обврската за соработка на граѓаните со избраните претставници во Собранието на РМ, истото тоа преку отворањето на канцеларии за непосредни средби.

Се предвидува обрвска на општините, т.е. на локалната самоуправа да се организира функционирањето на канцеларии на локалната самоуправа во седиште на општината, т.е. да создадат просторни услови за непосредна комуникација на пратениците со граѓаните од изборната единица, за која всушност и гласала.

Доколку е таква смислата, доколку е намерата на предвидените одредби таква, каква што е изложена во самото образложение, би било и логично и сосема во ред, т.е не би имало никакви нелогичности и дилеми. Членот 81-а како што е формулиран навлегува во сосема една друга сфера на правната материја.

Имено, во цитираниот член се потенцира некакво право на непосредно одлучување на граѓаните за прашања во надлежност на Собранието на Република Македонија. И дека такквото право на непосредно одлучување можат да го остварат преку непосредна комуникација со пратениците на Собранието на Република Македонија. Значи зборува за форми на еден начин на непосредна демократија и непосредно одлучување на граѓаните од овој дел.

Прво што сакам да нагласам дека Уставот на Република Македонија го утврдува реферрендумот и граѓанската иницијатива како непосредни облици за остварување на власта на граѓаните и тоа во членот 2 од Уставот, а делумно нормативно ги разработува начините на непосредно учество на граѓаните во политичкиот живот и тоа во членовите 71 и 73 , 74, 120 и 130 од

Уставот на Република Македонија. Значи сакам да кажам дека формите за непосредно одлучување на граѓаните се точно определени, а тоа е референдумот и во определени состојби граѓанската иницијатива.

Исто така лимитирани се и аспектите, т.е. материјата по која може да се одлучува по пат на референдум, т.е. со непосредно одлучување. Имаше предвид уставната положба на референдумот и на граѓанската иницијатива, како непосредни облици на остварување на власта на граѓаните, мораме да констатираме дека ваквата формулација на членот 81-а едноставно е апсурдна.

Имено, како е можно првото непосредно одлучување за прашања во надлежност на Собранието на Република Македонија., граѓаните да го реализираат преку комуникација со пратениците. Значи, ако се сака да се одлучува преку пратениците, неможе да стане збор за непосредно одлучување, но и за индиректно преку претставниците, т.е. пратениците.

Понатаму, граѓаните неможат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на граѓаните. За тие прашања едноставно се одлучува како што е тоа пропишано во самото Собрание.

Во овој момент би сакал и да ја потенцирам и Уставната положба на пратениците, што е точно определена во членот 62, став 3 од Уставот на Република Македонија. кој гласи: "Пратениците ги претставуваат граѓаните и во Собранието одлучуваат по свое уверување". Од ваквата Уставна определба со која е утврдена уставната положба на пратениците, очигледно е дека членот 81-а е во колизија со цитираната уставна одредба, т.е. пратениците како е тоа регулирано, одлучуваат самостојно, независно од желабата на било која политичка партија, дали тие припаѓаат на политичка партија било според желбите на граѓаните спротивно на заложбите на членот 81-а кој упатува на тоа, значи граганите да одлучуваат непосредно и нелогично е да учествуваат преку пратениците за прашања од надлежност на самото Собрание. Значи една тотална нелогична одредба од сите аспекти, која верувам дека предлагачите или ке ја повлечат или ке ја преформулираат, усогласувајки ја пред тоа со Уставот, како би имала едноставно правна логика. Сметам дека главната цел на предлагачите била и е да се обезбеди елементарни просторни услови за непосредна средба и комуникација на пратениците со граѓаните, особено со граѓаните од изборните единици, во кој пратениците се избрани, да ги слушнат нивните сугестии, нивните предлози и размислувања и истите да бидат пренесени во Собранието на Република

Македонија, т.е. по истите да се одлучува, или пак тие да бидат преточени во форма на закон и тн.

Од тие причини почитувани колеги пратеници за ваквиот предлог неможеме да гласаме и нема да гласаме, доколку не биде преформулиран, затоа што вака поставен, т.е формулиран, прави едноставно големи загуби, предизвикува дилеми и противречности , за тоа дали основната интенција на закнот, просторни услови за соработка на пратнеиците со граѓаните, или пак со него, т.е. со Предлог законот се уредуваат формите на непосредно одлучување на граѓаните и остварувањето на власта спротивно на Уставот, се даде можност за прашања од надлежност на Собранието да одлучуваат граганите преку пратениците, што ќе се согласите дека такво нешто е голем апсурд. И тоа едноставно е непознато за правото и за правната регулатива. Сега видов и амандман од предлагачите, мегутоа, повторно нема ништо суштинско и нешто битно измементо, бидејки со новата формулација фактички е избришан само зборот: “непосредно “.

Значи повторно ќе кажам дека граѓаните правото на одлучување за прашања од надлежност на Собранието на Република Македонија можат да го остваруваат и во општината со непосредна комуникација со пратениците во Собранието на Република Македонија и така натаму. Значи, едноставно одредба која што е спротивна и на законот и на Уставот, заради тоа што интенцијата на предлагачите како што гледам од образложението е дека на еден начин се обезбедуваат услови за комуникација и средба на граѓаните, а не преку пратениците граѓаните да одлучуваат за прашања од надлежност на Собранието. Такво нешто е невозможно и од тие причини потполно се согласувам со претходниот дискутант. Сметам дека предлогот треба да биде повлечен и евентуално преформулиран, како би одговарал на објективната состојба. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г. Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Целта што требаше да се постигне со овој закон, воопшто не е спорна и уште во првата фаза од неговото донесување како политички партии сите се согласивме дека апсолутно е потребно донесувањето на еден ваков закон заради исполнување на функцијата и улогата што ја има пратеникот во ова Собрание и неговата врска со базата и со избирачите. Тука нема никакви дилеми, не само кај мене, туку и кај другите колеги кои се изјаснија.

Меѓутоа, сосема друго е нешто понудено во текстот, односно нормативата преку која треба да се изрази оваа цел на законот и во тој дел јас апсолутно се согласувам со најголемиот број од аргументите што колешката Каролина Ристева ги изнесе на говорницата. Меѓутоа, целта ми беше само да укажам на леснотијата со која предлагачите ги одбиваат почитувајќи го секако, нивното право за пратеници да гласаат онака како што сакаат и да одлучуваат, меѓутоа, леснотијата со која ги одбиваат амандманите на едно помошно тело на Собрнието во случајот да речеме Законодавно-правната комисија, каја што со составот свој што го има со стручните кадри детално ги разгледува текстовите на законите и како што знаете нејзината улога не е толку да се впушта во содржината, колку во нормативата, односно во прецизноста на одредбите и нивната усогласеност со законот и со Уставот и ние на ЗПК предложивме еден амандман кој што само може да го подобри текстот и да ја анулира противречноста на неусогласеноста на термините што се употребуваат во овој закон со постојбата законска и уставна регулатива.

Од тие причини мислам дека предлогот што г-ѓата Каролина Ристова го даде да се повлече законот, апсолутно сметам дека е во ред и во наредната фаза амандаманите од ЗПК и другите сугестии кои што беа дадени да одат како составен дел на текстот, односно да бидат прифатени од страна на предлагачот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Евтим Манев.

ЕВТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Предложениот закон сметам дека не може ваков да оди каков што е предложен со таа измена на членот 81-а, кој што го ставам како посебен член од причини што текстот како што е поставен е спротивен со Уставот и не може ваков начин на управувањето на граѓаните непосредно преку пратениците, што укажува дека правата на пратеникот се ускратени, односно самите предлагачи правеле некоја коминаторика од поранешниот систем за време на СФРЈ, кога имаше делегатски систем, но и тогаш имаше некој редослед во тие делегации, па што да пренесе делегатот итн.

Во конкретниот случај според Уставот, во ниту еден случај вакво нешто не може да биде право или обврска на пратеник која е таа група на граѓани, со колку

граѓани би комуницирал тој пратеник и да стане тоа некоја обврска на истиот да остварува права преку Собранието.

Од тие причини, бидејќи ваков текст не може во ниту еден случај да се помисли да помине на Собрание, овдека предлозите се добри на госпоѓа Каролина или предлагачите да го повлечат или во втора фаза сосема да најдат друг начин, односно друг метод на регулирање на таа материја, бидејќи целта на самиот закон е пратениците да имаат свои канцеларии во општините од местата од каде што се бирани и мислам дека во тој факт нема никој поинакво гледање. Сите пратеници би сакале да комуницираат со своето гласачко тело од местото од каде што е избран. Таквата состојба е корисна, мислам дека го има во сите држави и околу нас што се за комуникација на граѓаните со пратениците, но никако да остваруваат право граѓаните на непосредно учествување во власта на таков начин. Граѓаните учествуваат само посредно преку избраните пратеници и тој е тој суверенитет кој што го пренеле истите на граѓаните да управуваат пратениците.

Толку би сакал само во тој дел. Доколку остане овој ваков предлагачите да имаат предвид и формулацијата во целост да биде сменета во духот само за остварување на канцеларии во населените места за контакти на граѓаните со пратениците, никако со Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, не би сакала да должам, колегите пред мене доволно кажаа за овој предлог на закон. Меѓутоа, јас би се задржала сосема накратко на мислењето кое што го добивме пред малку од Владата на Република Македонија, во кое што се зборува дека на вчерашната седница Владата го разгледала овој предлог на закон и навистина во нивното мислење, тие ни предлагаат да го донесеме предлог законот за дополнување на Законот за локална самоуправа.

Јас се прашувам дали воопшто Владата и нејзините служби го имаат прочитано овој Предлог на закон и со каква леснотија тие прифаќаат вакви лоши законски решенија, а од друга страна се отфрлаат навистина, сериозни законски решенија кои што се од интерес на сите граѓани во државата.

Овој законски текст кој што го имаме пред нас сите од дискусиите го искажаа своето мислење дека се работи за многу лош законски концепиран текст и секој кој што многу малку се разбира во закони знае дека многу лошо е формулирано и дека

за сите е јасно кои се формите на одлучување на граѓаните и дека не може тоа да биде непосредната комуникација со пратениците во општините и повторно ќе кажам, Владата навистина, напраивла огромен пропуст давајќи ни вакво мислење и сметам дека многу сериозно треба понатаму Владата да приоѓа кон предлозите на законите кои што ги предлагаат пратениците и од позицијата, не само од опозицијата.Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе благодарам. Сигурно дека сите пратеници дадовме поддршка да се донесе еден ваков закон и дадовме исто така, поддршка што доаѓа од наши колеги пратеници, но оваа материја станува нејасна, го делам мислењето со добар дел дискутанти дека  не е издржана уставната основа, затоа што да не судиме сега, тоа ќе го каже Уставниот суд ,но она што останува отворено прашањето, дали не е моментот овие прашања треба да се решат со оној контраверзен или Закон за пратеници каде што ги смести сите обврски и задачи кои ги имаат пратениците во повеќе подзаконски акти и време е да се донесе еден закон за пратеници што ќе ги изрегулира правата и односите и должноситте на пратениците .

Што сакам да кажам? Сакам да кажам едно искуство од живеењето на парламентарниот живот. Канцеларија во општина Свети Николе постоеше 12 години, но поучени од локалното раководство дека не е во согласност со законите и Уставот и на еден физички начин, дрско ја исфрлија канцеларијата и едноставно, ја укинаа канцеларијата на пратнеикот. Сега е како идеја што доаѓа од наши колеги пратеници поучени од искуството дека не е надлежна локалната самоупава да зафаќа во делот на она што значи финансирање на народните избраници. Дали ќе се прифати овој законски проект денеска што ќе се изгласа, или ќе заврши  со обврзување на локалната самоупрва да обезбеди канцеларии на пратениците, мислам дека нема да успее овој законски проект, иако ние се согласуваме сите да усепее, затоа што ќе се реши она што значи финансирање. Најголем проблем е финансирањето. Знаеме ние дека локалната самоуправа добива сега нова тежина, се пренесуваат добар дел на пренесени ингеренции во новиот период, затоа што во 2004 година за локалната самоуправа ќе дојде друга тежина, така што добар дел на ингеренциите од централно ќе се пренесат на локално ниво и каде би се нашле тогаш местата и канцелариите за пратениците.

Ова прашање треба да го реши Парламентот, затоа што треба да се вметнат во законот за пратеници да се обезбедат. Ние имаме еден феномен што ни е во Собранието немаме обезбедено канцеларии за нас пратениците. Ги немаме најелементарните услови. Ние доаѓаме на работа кој кога сака, кој како сака, доаѓаме да неможеме да ги примаме ни документите, т.е. материјалите, ни доаѓаат на домашна адреса, телеграми на домашна адреса во Парламентот, така да време е, незнам како ќе изреагираат предлагачите на овој закон што сега ние ја обврзуваме локалната самоуправа да го реши прашањето што треба да го реши Парламентот, мислам, тука не држи да го повлечат овој законски проект и кога станува збор за нормативниот дел, ние добиваме многу лоши законски проекти иако доаѓаат од наши пратеници добиваме и од Владата и не би сакал да повторувам она што беше кажано дека и Владата многу лесно дава согласност за еден законски проект кој задира во уставните норми и сега, она што како феномен постои во овој Парламент и во многу други годин од парламентарното живеење до она што е матична комисија, ЗПК во која тие членуваат најдобрите познавачи на правото никогаш низ ова Собрание не поминал ниеден амандман . Би било добро оваа Комисија со претседателот да си даде оставка, да ја укинеме оваа ЗПК, затоа што не функционира. Ова е само формална работа и правиме смеи кај граѓаните и кај пратениците. Зошто ќе расправа ЗПК каде што се познати правници од редот на пратениците и каде што користат ум од многу постручни кадри. Ова не е почитување. Ќе донесе амандман ЗПК во Парламентот не поминува таа. Зошто ни е таа Комисија. Ако не функционира нешто ампутирајте го. Мислам дек а би било добро нашите колеги пратеници да го повлечат овој законски проект. Има апсолутна поддршка дека начелна потреба постои да се реши каде и како ќе функционираат пратениците со базата. Битно е финансирањето кое што утре ќе се јави опортуност и антагонизам од локалното раководство, затоа што не се тие во функција да финасираат греење, телефон, зграда и незнам кои други услови. Би било добро целата материја да ја решиме со законот за пратеници. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Една реплика на г. Слободан Даневски, бидејќи ја спомна Законодавно-правната комисија, г. Даневски, вие ако се сеќавате на една од претходните пленарни седници Собранието без да биде овој закон влезен од матичното тело и од

Законодавно-правната комисија донесе односно утврди потреба од донесување на ваков закон.

Значи, Законодавно-правната комисија во прва фаза не го разгледувала овој закон и не оценувала и не утврдила потреба од донесување на овој закон и не утврдила дека овој закон е во согласност со Уставот и правниот поредок на државата. Бидејќи, на пленарна седница предлагачите беа задолжени да изготват текст на законот во втора фаза Законодавно-правната комисија без да оценува веќе потреба од донесување, затоа што е утврдено од страна на ова Собрание и без да оценува дали е овој закон во согласност со Уставот и уставниот поредок, се усреди само на разгледување на текстот на законот.

Согледувајќи ги сите аспекти, односно бидејќи овој закон е од еден член, сметавме дека текстот на овој закон односно на овој член вака како што е предложен, не може да оди. Од тие причини, бидејќи сите ние сме правници, едногласно го донесовме овој амандман и го предложивме на Собранието. А, право е на Собранието дали ќе го прифати или не амандманот на Законодавно-правната комисија, што не значи дека овој амандман е нестручен односно не е доволно добар, за да биде прифатен или не прифатен од пратениците.

Затоа, уште еднаш, ќе ве молам да не се повикувате дека Законодавно-правната комисија не разгледала или не добро дала предлог и дека треба да си даде оставка, затоа што ние амандманите скоро сите таму ги донесуваме едногласно, бидејќи се работи за стручна работа, а не за политика.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Слободан Даневски само една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Немав намера да си поднесете оставка, а и по вашето кажување нема да си поднесете оставка, мислам дека ова прашање го затворивме. Во контекст на она да добиете на тежина како Законодавно-правна комисија, јас зборував афирмативно, колешке, да добиете тежина, да имате тежина, тоа е проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе немам реплика, но како еден од предлагачите имам право да реагирам. Со оглед на тоа што поголемиот дел од расправата по текстот на законот фактички ја водиме во духот на расправата во првата фаза, кога

разговаравме по предлогот за овој закон во јули месец и одредените сугестии од страна на пратениците, а и самиот факт дека во салата немаме 81 пратеник, во името на предлагачите го повлекувам овој закон и врз основа на стенограмите понатаму секако дека ќе се обидеме да ги усогласиме и со Владата, мислам нејзините сугестии и да донесеме закон, кој навистина ќе ја оправда целта, барем нашата амбиција, секој пратеник да може да остварува непосредни контакти со граѓаните.

Добивме призвук во текот на расправата, а можеби и граѓаните така ќе сватат дека некој од нас можеби не сака да постојат тие канцеларии и да имаат непосредни контакти. Напротив, мислам дека сите членови на Парламентот, сите парламентарци се едногласни и дека сакаат такви форми да постојат. Сега е една акција на отворање на таквите канцеларии по сите општини. Моето искуство од едногодишната работа говори дека тие се мошне позитивни. Да не бидеме погрешно сватени од јавноста дека било кој од парламентарците не сака да постои канцеларија, ние како предлагачи го повлекуваме законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имајте почит кон предлагачот кој го повлекол својот закон и мислам дека тоа е добро и тука никој ниту победил, ниту изгубил. Само тоа е начин како треба да научиме за законите, кои што можеби моментално  не се онака како што треба да бидат подготвени, можат да бидат и повлечени. Значи, констатираме дека законот е повлечен и со тоа ја затвораме точката 4 од дневниот ред.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, мислењето на Владата и дописите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлгот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Иако, седницава почна со повлекување на закони, јас немам намера да повлечам. Значи, пред вас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за

изменување и дополнување на законот за тутунот, со Предлог на закон каде што предлагачи се јавуваме јас и г. Блаже Стојаноски.

Морам да ве потсетам дека ваков еден сличен закон разгледувавме на претходна седница, каде што предлагач на тој закон во прва фаза беше Владата на Република Македонија и вие сите овде заедно гласавте дека е потребно да се измени законот односно првата фаза беше поддржана. Сакам да потенцирам дека и тогаш, а и сега ќе повторам нашиот став како опозиција беше тој закон да не се поддржи, затоа што решенијата што тој закон ги нудеше беа апсолутно спротивни од она што денес ние го нудиме. И, сакам да потенцирам дека буквално двата закони и Владата и овој што сега ние го нудиме овде, беа поднесени скоро во исто време, меѓутоа, на мојот предлог да се спојат законите на една расправа, не помина, така што еве сега ќе имаме можност два пати да разговараме за една иста тема.

Законот за тутунот е донесен во 1996 година. Тој има претрпено само една измена и дополни и тоа во 1998 година. Потребата од донесување на еден ваков закон беше очигледна во 1996 година, заради состојбите во кои се наоѓаше тутунопроизводството и поради целата таа проблематика, која навистина со години ја оптоваруваше Република Македонија, тогашното Собрание во тој состав донесе закон за тутунот, кој што содржи 48 члена каде што се регулира односот помеѓу тутунопроизводителите, откупувачите на тутун и државата од една страна. Тој закон е во правно дејство од 1996 година, до ден денес, еве 2003 година и на овој или на оној начин носеше одредени и добри резултати, но и слабости, така што навистина се отвори потреба од негово редефинирање, поточно се постави прашањето во која насока треба да се корегира односно да се изменува овој закон.

Владата има свое мислење, кое на некој начин го апсолвиравме на претходната седница. Нејзин предлог беше да се укинат повеќе членови, да се воведе либерализација, на кој што начин би се елеминирала државата Република Македонија од оние состојби на интервенција во тутунопроизводството.

Нашиот предлог оди во сосема друг правец и морам да кажам дека инспирација зошто токму на овој начин се определивме кога го пишувавме овој закон, ми дадоа и самите тутунопроизводители, како и откупувачите на тутун со кои имавме разговори, а особено тоа беше изразено на една седница на граѓанската асоцијација “МОСТ”, каде што присуствувавме пратениците со тутунопроизводителите и имавме една средба каде што ги сослушавме нивните забелешки по однос на законот и каде што на таа средба ни беше укажано нас како пратеници во кој правец треба законот да се менува. Фактички, да не ги повторувам,

односно да не читам што се таму се дискутирало, главните заклучоци кои што произлегоа од таа средба се преточени во текстот на овој предлог на закон кој што ние го нудиме.

Што е тоа основно што се нуди во овој закон. За разлика од предлогот на Владата на Република Македонија, ние предлагачите сметаме дека овој закон треба да ги задржи оние одредби кои што беа и досега вкалкулирани со одредени измени и доплнувања, така што нашиот предлог односно нашиот став и понатаму е дека тутунот сепак е од јавен интерес и дека Република Македонија не треба да се откажува од она што е општ интерес. Напротив, тој општ интерес треба повеќе да го зајакнува на начин како што и се предлага. Така, во законот, покрај она дека тутунот е добро од општ интерес, воведуваме два нови става во тој член, каде што кажуваме дека треба да се дефинира со законот и заштитната цена на тутунот. Заштитната цена, која цена ќе биде стимуланс за тутунопроизводителите и која во секој случај се наметнува како потреба од инкорпорирање како закон, заради сите оние проблеми кои што години наназад ги имавме. Во недостаток на заштитна цена, морам да потенцирам дека досега заштитната цена на тутунот беше утврдувана со одлука на Влада. Меѓутоа, од 1999 година, па наваму немаше таква одлука, така што се случуваше цената на тутунот, откупната цена варираше онака како што му се сакаше на откупувачот на тутунот, а се на штета на тутунопроизводителите.

Од тие причини како предлагачи предлагаме во Законот да влезе одредба со која што ќе се утврдува заштитна цена на тутунот. Таа обврска ќе ја има Владата на Република Македонија и таа заштитна цена ќе се утврдува еднаш годишно, значи за секоја година. Исто така, во став 3 кажуваме дека заштитната цена на тутунот кога веќе еднаш ќе се утврди, секоја наредна година Владата на Република Македонија не може да пропишува пониска заштитна цена од онаа што претходно веќе ја утврдила. Тоа е една гаранција на тутунопроизводителите дека се она што го произведуваат ќе има одредена гаранција дека Републиката се грижи за нејзиниот производ до една цена, која што секој еден тутунопроизводител ќе ја знае уште на самиот почеток и врз основа на неа ќе склучува договори со откупувачите. Значи, независно каква ќе биде годината, дали родна или неродна, независно од самите пазарни услови и во многу други земји кои што се далеку и поразвиени и кои не опкружуваат, постои еден ваков заштитен механизам се со цел да се заштитат и тутунопроизводителите но и да се дојде до стимулација на тутунопроизводството.

Морам да потсетам дека Република Македонија во нејзини региони, навистина, има услови за одгледување на тутун. Тие региони сите добро ги знаеме,

тоа се Пелагонискиот регион и тоа е оној дел во Источна Македонија, Радовишкиот и тн.

Мерките мора да се движат во тие две насоки, заштита на тутунопроизводителите и стимуланси за зголемувањето на производството во Република Македонија. Исто така и од еден трет аспект, да потсетиме дека извозниот ефект од тутунот, сепак, не е мал и не за потценување. Република Македонија секоја година остварува еден добар прилив од извозот на тутунот. Тоа е едната измена.

Втората измена на законот се однесува и во членот 4 каде што беше дефинирано дека Републиката го поттикнува производството на тутун во оние реигони кои сега ги спомнав. Ние предлагачите овој член го менуваме, само потенцираме односно го конкретизираме на кој начин фактички Републиката би го стимулирала тоа производство. И, тука кажуваме дека по пат на субвенции и други заштитни фискални мерки Републиката го поттикнува производството на тутунот во регионите кои ги напомнав и претходно, а во став 2 на истиот член кажуваме дека за сите оние мерки кои сега ги потензирав во претходниот став, Собранието на Република Македонија, како претставнички дом на граѓаните треба да биде информирано односно запознато со еден годишен извештај кој што Владата ќе го поставува во делот на она што се презела во мерките за стимулација на производството. Сметам дека ваквиот член е навистина потребен и произлезе од најмногу дискутанти на тие средби кои сме ги имале.

Понатаму, како голем проблем се јавуваше, роковите, во овој постоен закон не беа регулирани или не беа прецизно регулирани, роковите кога се почнува откупот на тутунот и кога тој завршува. Бидејќи, во текстот на законот односно во членот 17 стоеше одредба дека откупот на тутун произведен во тековната година се врши најдоцна до 31 март. Значи, се кажуваше крајниот рок до кога се врши. Меѓутоа, години station наназад беше проблемот кога тој почнува со откуп. Така, ни се случуваше во многу пати, иако рокот за завршеток на откупот да биде 31 март и фактички откупот на тутун да почне некаде 15 март. Што тоа конкретно значи, знаат тутунопроизводителите, затоа што после настанува калирање и намалување на тежината, а расипување на самиот тутун, бидејќи долго време чувањето на тутунот дома, а не предаден од откупувачите, навистина е проблем за тутунопроизводителите. Заради таа цел ние предложивме да се прецизира времето кога почнува и кога завршува откупот на тутунот. И, тоа го кажавме, значи, откупот на тутун би започнал најдоцна на 15 декември, а би завршил на 31 март наредната

година. Меѓутоа, со нов став прецизираме дека, доколку откупувачот, кој е должен во определениот временски период да отпочне, треба и да заврши со откупот на тутун, а ако тоа не го стори, тогаш ќе важат одредбите од член 25 од овој закон, а тие одредби се однесуваат на правото на тутунопроизводителот да го раскине договорот, да го понуди на друг откупувач под исти услови, какви што ги имал со првиот или пак во случај ако и тоа не може да го оствари, тогаш тој тутун да го откупи Бирото за стокови резерви.

Една од поголемите измени токму е и во членот 25, за кој што сега нешто наговестив, тоа е оној член кој што најдиректно се гледа улогата на државата во тутунопроизводството. Тој член досега беше во овој закон кој што сега го предлагаме да се измени, предвидуваше можност, доколку откупувачите, значи претпријатијата, западнат под стечај или ликвидација, што би се правело во однос на кои права би ги имале тутунопроизводителите во една таква состојба. Значи, тука во тој закон во стариот член ќе се зборува дека без своја вина тутунопроизводителите можат во таква ситуација, доколку откупувачот кој што го склучил договорот, паднат под стечај или ликвидација, го раскинат тој договор, склучат нов договор со некој откупувач под истите услови, но доколку тоа не можат, правото да го откупат тутунот ќе го има Бирото за стокови резерви.

Нашиот предлог оди во насока овој член да се измени и така предлагаме нов член во кој што имаме три става во тој член. Што е измената? Измената се однесува во делот на претпријатијата односно во делот на откупувачите. Во услови, доколку падне под стечај или ликвидација, дури во секоја неликвидност која ќе се најде откупувачот, значи, без вина на тутунопроизводителите, откупувачот се нашол во состојба на неликвидност, поточно кажано нема средства да го откупи тутунот, а тутунопроизводителите склучиле договор. И, како што многу години station наназад излегле изиграни, па чекале, па протестирале и штрајкувале и на крајот на краиштата сето тоа ја зголемуваше тензијата. Значи, нудиме уште една можност во состојба доколку претпријатијата паднат во состојба на неликвидност и тука прецизираме. Значи, не станува збор само да го откупи, туку и да го исплати тутунот.

Ставот два зборува за правото во ситуацијата дека доколку откупувачите односно производителите на тутун не можат да ги остварат своите право, согласно овие причини кои што сега ги набројав, да имаат право односно Републиката преку Бирото за стокови резерви да го откупи тутунот и да го исплати тутунот на тутунопроизводителите.

Тука додаваме нов став,став 3. Заради заштита на тутунопроизводителите велиме дека цената по која тутунот се откупува од Бирото за стокови резерви врз основа на условите предвидени во ставовите 1 и 2 на овој член, не може да биде пониска од заштитната цена на тутунот утврдена од страна на Владата на РМ во тековната година.

И ова не е случајно ставено, затоа што ако веќе државата одредува заштитна цена која што нешто претходно го дефиниравме во членот 1 на измените на овој закон, тогаш таа цена треба да ја исплати на тутунопроизводителите.

Тука е можноста и ние како политичари да се исправиме пред граѓаните, барем со се она што сме ветувале во изборните кампањи, а најмногу, барем јас од оној регион каде што доаѓам и потекнувам, кога треба да се добијат гласови во Прилеп или прилепско тогаш многу се зборува за тутунот, многу се зборува по која цена доколку дојдеме на власт ќе биде исплаќан и тн. и нт. Еве сега можност нас како политичари тоа и да го оствариме, односно да го преточиме во закон.

На овој начин со воведување на заштитна цена можат тутунопроизводителите директно да преговараат и со Владата, оној кој ја утврдува заштитната цена и во ситуација доколку се примени членот 25 тоа право и да го остварат. Тука ни е одговорноста на нас како политичари и тука би била одговорноста на Владата.

Значи, многу е лесно со еден закон, онака како што ни го нуди Владата, Владата да ја тргнеме од сите одговорности, да ја тргнеме од сите обврски спрема тутунопроизводителите и тоа право да му го дадеме на некој странски откупувач, меѓутоа да не заборавиме се што сме ветувале пред граѓаните, се што сме ветувале пред тутунопроизводителите и да не заборавиме во какви услови РМ сеуште опстојува, во какви услови тутунот кај нас сеуште се произведува и која е состојбата на самите тутнопроизводители. Значи сеуште државата, односно Републиката преку Владата треба да има ингеренции врз тутунот и тутнопроизводителите, така да не можеме баш со еден потез тоа да го елиминираме.

Има уште неколку члена кои што ги нуди овој закон.

Тоа е членот 5 каде што при склучувањето на договорите до сега се бараше мислење и од Здружението на тутунопроизводителите, а ние предлагаме да се бара мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за оние откупувачи каде што сеуште има општествен капитал кој што е во акции на Агенцијата на РМ. Според тоа за да се дојде до склучување на условите во Договорот помеѓу тутунопроизводителите и преработувачите, во таквите

претпријатија за тој договор треба да се бара мислење од надлежното министерсво за тоа.

Исто така во членот 31, каде што се зборува за содржината на договорот, кој што треба да го имаат откупувачите со тутунопроизводителите досега не постоеше одредба дека договорот треба да содржи и рок и начин на исплатата на тутунот. Заради тоа покрај десетте алинеи на тој закон каде што се предвидува што се договорот треба да содржи додаваме уште една каде што се зборува за рокот и начинот на исплатата на тутунот. Верувајте дека поради тоа што ваква одредба немаше во законот и таква одредба не постоеше во договорот за откуп на тутун, тутунопроизводителите, бидејќи начинот на откуп и исплата не беше дефиниран во самиот договор не можеа да го остварат своето право ниту преку суд ниту на некој друг начин.

Исто така, тоа беше едно од многуте барања кое што тутунопроизводителите од нас како пратеници го бараа, бараа тоа да се регулира во договорот.

И еден доста дискутабилен член, тоа е членот 32 каде што во постоечкиот закон стои одредба дека откупната цена на тутунот не може да биде пониска од договорената цена. На некој начин самиот тој текст на закон предлагаше еден механизам дека сепак откупната цена мора да се движи, барем ако ништо друго, во редот на  она што било договорено. Меѓутоа, сите ние сме сведоци дека не само што не е почитувана договорената цена, туку овие години, особено последнава година апсолутно не е почитувана. Така да ако договорената цена била 100 денари, сведоци сме дека оваа година таа падна за 50, па и 100 пати односно 100% пониско.

Заради тоа предлагаме во овој член да се воведат уште два нови става и тоа:

Ја прецизираме договорената цена на тутунот. Поточно таа да не може да биде пониска од заштитната цена утврдена од страна на Владата за тековната година, кое нешто има и логика. Значи правиме договор, меѓутоа како основна појдовна стартна позиција на цената ни е заштитната цена, а над неа можеме да се договораме онака како што сметаме ние како тутунопроизводители и откупувачите.

Значи ова е механизам за заштита на тутунопроизводителите, а доколку се случи, како што се случило последните години исплатената цена да е пониска од заштитната цена утврдена од страна на Владата за тековната година, разликата до износот на заштитната цена да ја исплаќа Владата на РМ. Тоа за онаа држава која што мисли добро на своите тутунопроизводители, мисли за тутунот како добро од општ интерес на РМ треба да има сили и ова да го прави, заради тоа што пред се

треба да се заштитат и тутунопроизводителите, но треба да водиме сметка дека и тутунот е сепак една култура на која што години години наназад сме се потпирале.

Според тоа една ваква одредба сметаме дека е апсолутно потребна во законот и даваме уште еден член кој што содржи утврден рок за исплатата на тутунот, затоа што таква одредба до сега немаше. Ние предлагаме исплатата на откупениот тутун да почне, откако тутунот ќе се откупи, најрано за 15 дена, а најдоцна за 30 дена од денот на предавањето на тутунот од страна на откупувачот.

Во случај исплатата да не почне во предвидениот рок тогаш согласно Законот за облигациони односи тутунопроизводителите ќе имаат право на надомест на штета според одредбите предвидени во тој закон.

Почитувани колеги,

Ова е накратко што може да се каже во однос на нашиот предлог кој сега е на дневен ред. Јас сметам, и ова не е само мое мислење, не станува збор дека пратеникот Караџоски и ВМРО-ДПМНЕ играат на некоја карта на пупулизам, мора да ви потенцирам дека е ова мислење скоро на сите тутунопроизводители кои до ден денес со мене разговарале, мислење на повеќе откупувачи, претпријатија кои што се занимаваат со одкуп на тутун дека ваквиот закон, како што е предложен треба да биде поддржан, за разлика од предлогот што го нуди Владата, кој во секој случај би нанел само една штета врз тутунопроизводството.

Заради тоа ве повикуам да не гледаме на тоа кој е предлагач, зошто го предлага и како го предлага, верувајте дека овој закон вака како што се предлага е точно врз основа на она што тутунопроизводителите барем мене ми го пренеле и сметам дека ваквиот закон би требало да го поддржиме сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

За збор се јави господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе,

Еве и званично да ви го честитам изборот на претседател на Парламентот. така е редно, така е културно.

Јас барем 100 пати до сега сум кажал дека ќе го поддржам секој закон што иде во прилог на решавањето на нашите економски состојби во државата. Пред извесно време јас во Парламентот зборував што значи нашата огромна фабрика без кров, всушност кровот е небото и дека таа е од најголемо значење за развојот на

нашата економија, но во исто време област во која што можеме да обезбедиме за еден краток временски период огромен број на луѓе кои ќе работат, кои ќе обезбедат производство, кое производство би одело и на странските пазари, а тоа значи дека би обезбедиле и значаен девизен прилив и би ги неутрализирале страшните негативни ефекти од нашата надворешно-трговска размена со светот. Дел од таа наша голема фабрика практично е производството на тутун. Многумина овде се и од мојата генерација и се сеќаваат кога нас професорите ни предаваа, зборуваа дека во Македонија има монополи. Значи производство на тутун. Ние немавме тогаш никаква друга индустрија. Коста Рацин во своите песни овој проблем го има испеано од аспект на социјала и длабока експлоатација. Експлоатација од оние кои го откупувале тутунот. И тие негови песни денес ги учат сите наши деца, и ние ги учевме. Од прилика сега како да историјата се повторува, повторно доаѓаат колонизатори, експлоататори и повторно експлоатирани луѓе. Така се одвиваат процесите кај нас. Ние колку да бегаме од тоа да го кажеме со вистинските зборови, тоа се процеси кои се одвиваат во сите сфери, и во политичкиот и во економскиот дел, еве и тука во овој дел од производствата од областа на земјоделието. Тоа што сега ние треба да отвориме врати на мултинационалните компании да влезат тука, тоа практично треба да отвориме врати на повторната длабока експлоатација на нашиот селанец - производител на тутунот. Според тоа ние еднаш треба да се освестиме дека треба сами да ја кроиме својата судбина и дека треба да носиме такви решенија и такви закони во кои што, а тоа го зборував и минатиот пат, во кои што ќе има доминантна улога државата по поедини прашања.

Вие драги почитувани колеги веројатно следите дека во светот, во најразвиениот свет не постои само приватна сопственост. Постои и државна сопственост. Во многу земји, меѓу кои и Англија постои општествена сопственост. Ние да сме проколнати од некого, да сме притиснати по секоја цена да ја развиваме таа приватна сопственост и се што може да се приватизира. Еве позанимавајте се со една Австрија. 65% од нејзината индустрија, земјоделие, економија е во државна сопственост. Државата игра значајна улога во сопствениот развој, во развојот на стратешките култури, стратешката индустрија и стратешките суровини. Според тоа ние зошто толку жестоко бегаме од тој процес. Сакаме да се ослободиме како држава да вовлечеме во целата таа работа и снаги и луѓе кои не се заинтересирани за развојот на македонската држава и македонската економија. Според тоа ние државната сопственост треба да ја задржиме во сферата на преработувачката. 51% нека биде, 49% нека биде приватно, но државата да има значајно влијание во такви

сировински бази кои овозможуваат развој на нашата економија. Еве погледнете го вие Ровињ, мало место кое израсна во голем гигант во преработката на тутунот каде што циклусот од приватното производство до преработката е страшно поврзано. И каде што и државата има значајно влијание. Државата мора да има способни менаџери. Ако нема државата кој ќе има? Значи може да најде луѓе кои можат да го водат тој дел кој влече напред во сферата на развојот, преработувачкиот дел.

Минатиот пат зборував, пак ќе повторам, во најразвиените земји, во капиталистичкиот систем постои циклусот на поврзаност од примарно производство до преработка, маркетинг, реализација и тн. Како вие мислите, зарем економијата во светот е препуштена на стихија. Таму се е испланирано. Таму е направена таа комбинација каде што пазарот игра доминантна улога, ама игра и планското производство.

Ама не е добар ни овој закон, ни овој...

(Со рака покажува кон претставниците од Владата).

Па воопшто не е добар. Ние мораме да го решиме прашањето на примарното производство да го кредитираме комплетно. Да се кредитира унапред, како тоа што го прави светот, развиениот свет. Зошто ние да измислуваме топла вода кога е тоа измислено? Зошто сега да измислуваме ние решение кога го измислил тоа најразвиениот свет. Дајте ние да ги направиме тие решенија како што ги направиле луѓето.

Според тоа ние, како што тоа го прави западниот развиен свет, така да го кажам централен дел на капитализмот, тој го реши прашањето од производство до преработка. Кредитирање на примарното производство. Враќање на кредитите со предавањето на примарното производство и во исто време и обезбедување на разликата за покривање на личните доходи, на учеството на луѓето и тн. Зошто бегаме ние од тоа не ни е јасно. Зошто комплексно не го решаваме тој проблем и таа вертикала и тој спој. Ние не знаеме сега што станува со нашите фабрики за цигари. Тоа се пропаѓа додека растат другите фабрики. Во нашето заокружување и тн. снажно се развиваат, а ние стагнираме во тој поглед. Стагнираме зата што интересот секогаш е присутен на поедини личности од власта. И во онаа Влада и во оваа Влада ние мора да ги отвориме тие работи и јасно да прозбориме за тоа. Значи нема интерес тој проблем да се решава од патриотски, човечки, државни интереси. Се се бега некаде.

Проблемот со откупот е проблем на државата и таа бега од него како ѓаволот од темјан. Зошто да бега? Не треба да бега. Треба да се направат такви решенија да се изинвестира, да се развие преработувачката, да се развие и примарното производство. Не треба ние да зборуваме, треба да го кредитираме само тутунот во Прилеп, во Радовиш и т.н. Ние да зборуваме како за една култура која ќе ја подржуваме во Македонија. Кој сака, каде сака да го произведува, нека произведува. Да гарантираме откуп, да гарантираме цени, произведувачот мора да гарантира квалитет и на крајот кога ќе го реализираме тоа низ финалното производство да им дадеме уште средства, како што тоа го прави светот, на примарните производители. Ако таму вработуваме и живеат од тоа 50 илјади домаќинства - така зборуваат тие статистички податоци - тоа значи дека живеат 200 илјади луѓе, затоа што целата куќа работи во примарното производство. И децата работат. Ама ќе речете децата не треба да се ангажираат во таа работа. Родителите знаат колку да ги ангажираат и како да ги ангажираат. Тогаш ние треба да сватиме, да влезе во нашата глава, во нашиот ум дека е ова една од културите која може да ни помогне да излеземе од овие хаотични економски состојби и да седнеме сите, и позиција и опозиција , и незнам кој друг, па да се договориме навистина човечки да пристапиме кон овие решенија. Не треба да бегаме од тоа кој ќе предложи. Кој предложи - најубаво тоа да го прифатиме, тоа да го направиме. Инаку, не ни чинат работите. Ни еможеме државата да ја тргнеме од се и после се да пропадне. И после што правиме? Да почнеме од нула.

Јас сум за едно такво комплексно решавање на оваа која е најдоминантна култура во Македонија, ама тоа треба да го решиме и со оризот. Тоа треба да го реиме и со јаболката, тоа треба да го решиме и со шекерот, со репата и т.н. Оној систем од кој сите се откажувате и го напаѓате, па тој ги правеше тие решенија. Затоа се разви примарното производство, затоа се разви преработувачката индустрија. Затоа се направија тие кругови не само за тутунот, туку и за многу други наши суровински производи од обласа на рударството и т.н. Сето тоа сега го напуштаме и уништуваме.

Предалгам за овие два закони заедно да се седне и да се најде најадекватно решение. Да не се бега од проблемите. Ова е бегање од проблемите и со оној закон. Овој закон донекаде е поблиску до производителот, до примарното производство, ама не го решава целиот тој циклус на поврзување на примарното производство со преработувачката и не се гледа улогата на државата поснажна. А државата мора да го има своето влијане. Тоа не е враќање на планска производство како што се прави

обид тоа да се каже, туку на производство кое ќе обезбеди голема материјална добивка и кое ќе биде од корист на целото општество, на целото друштво, на луѓето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Иванов.

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани колеги пратеници,

Најпрво сакам да му заблагодарам на поддршката што ја даде колегата Љубисав Иванов Ѕинго, и се надевам дека овој закон може понатаму, доколку се прифати, да има и свои дополнвуања во правец на целосно заокружување на законската регулатива во оваа обалст.

Меѓутоа, на почетокот сакам да истакнам зошто го поднесовме овој Предлог на закон за измени и дополнвуање на Законот за тутун. Првата причина е поради односот на Владата кон тутунопроизводството и тутунската индустрија во целина. Имено, ние очекувавме Владата да донесе вакви решенија во измените и дополнувањата на Законот за тутун, меѓутоа, очигледно тоа не се случи и бевме принудени да пристапиме кон поднесување на закон кој што директно ќе води сметка за заштита на примарното производство на тутун, на претпријатијата кои се занимаваат со откуп на тутун и во целина како еден вид подршка на тутунското стопанство во целина.

Имено, факт е дека не постои чувство за состојбата во која се наоѓаат семејствата на производителите на тутун. Факт е дека нема чувство за состојбата во која се наоаат тутунопроизводителите, не постои грижа за проблемите кои ги имаат тие во тутунопроизводството и воопшто не постои никаква стратегија во тутунското стопанство. Факт е само тоа дека Владата сака да ги тргне своите раце од сите обврски кои треба да ги има како Влада во оваа област.

Отсуството на заштитна цена на тутунот, која последен пат е пропишана со Одлука на Владата 1999 година и се применуваше до формирањето актуелната Влада на Бранко Црвенковски, беше нешто единствено овие последни години кое што се направи и кое што се почитуваше од страна на Владата во функција на заштита на тутунопроизводството. Додека дистанцирањето на Валдата од минатогодишниот откуп на тутунот, што се надевам дека нема да биде случај овој пат, меѓутоа, слабо верувам дека ќе се оствари таа моја надеж , е посебна приказна. Имено, минатата година заштитна цена немаше. Слабиот квалитет на тутунот и сите

последици кои што беа предизвикани поради тоа ги почувствуваа единствено тутунарите, производителите на тутун, најсиромашниот слој од населението во Република Македонија. Оние луѓе на кои  единствена надеж да ја намалат сиромаштијата во која се наоѓаат гледаат во маките кои што ги имаат со производството на оваа култура. Некои од тие семејства и ден денес ги немаат подигнато парите за предадениот тутун од минатата реколта.

Минатата година откупот започна со огромно задоцнување, во Прилеп дури на 3.02.2003 година. Доколку не беа демонстрациите на тутунопроизводителите тешко дека исплатата ќе почнеше при крајот на месец април или почетокот на месец мај, а во таков случај и онака ниската цена немаше да има можности да биде платена. Меѓутоа, маките на тутунопроизводителите остануваат и оваа година, и оваа година садеа тутун, и оваа година склучуваа договори, и оваа година не  очекува откуп на тутунот. Тоа го прави сиромаштијата која што ги принудува тие 40 - 5- илјади семејства да садат тутун. Таа сиромаштија во нашата држава се зголемува. Меѓутоа, заштита на овие луѓе нема. Владата наместо да даде подршка на овој предлог закон, даде мислење дека нејзината концепција била спротивна на овој Предлог закон. Тоа што значи? Тоа значи дека Валдата нема интерес или не гледа интерес да го подржува тутунопроизводството, да ги подржува сите овие 40 или 50 илјади семејства кои што се соочуваат со сиромаштија и на кои што единствен излез за да си помогнат во таква состојба е производството на тутунот.

Исто така, Владата застана на ставот дека немало потреба тутунот да биде добро од општ државен интерес, дека нема потреба да се определува заштитна цена, дека нема потреба да се определува рок во кој треба да почне и рок до кога треба да заврши откупот на тутунот, дека нема потреба од рок во кој треба да се започне со исплата на предадениот тутун и рок во кој треба исплатата на тутун да заврши. За оваа Влада сите овие предлог решенија кои се вградени во законот биле спротивни на нејзиниот концепт, на концептот кој значи финансиско исцрпување на тутунските комбинати и тенденција на целосно уништување на тутунопроизводството во  Република Македонија . Тоа беше целта која што ја промовираше оваа Влада на Бранко Црвенковски дека Владата дека не сака да се грижи и да се занимава воопшто со тутунопроизводството и тутунското стопанство. А иднината, во таков случај која што ја има тутунското стопанство е јасна - ќе се изгуби интересот на граѓаните да произведуваат тутун, тутунските комбинати нема да имаат можност да ги плаќаат заостанатите обврски кон државата, ќе се отпуштаат работници кои имаат работни обврски кои се поврзани со откупот на тутунот.

За Прилеп што значи тоа? За Прилеп тоа значи дека во Прилепската чаршија нема да се потрошат десетина милиони евра колку што изнесува приливот од тутун кој што го имаат тутунопроизводителите, кои средства претставуваат основен потенцијал за работа на Прилепската чаршија, за раота на дуќаните, за раота на малото стопанство во градот. Да не зборувам за сите оние добавувачи кои директно се насочени кон работењето и успешноста на работењето на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Тоа би значело дека во Прилепскиот Тутунски комбинат би се јавила неопходна потреба од отпутање на добар дел од вработените, кои од нивните работни места би се преселиле на Бирото за вработување, каде што државата пак треба да финансира на име на социјални надоместоци. Тоа значи зголемвуање на и така големата сиромаштија.

Со цел да се спречат овие последици, ние предлагачите на овој закон го предлагаме следното:

1. Определување на заштитна цена за тутунот кој се откупува во тековната година. Заштитната цена да ја определува Владата на Република Македонија и таа да не биде пониска од висината на заштитната цена во претходната година.

2. Владата на Република Македонија по пат на субвенции и други заштитини и фискални мерки да го потикнув апроизводството на тутун, значи поттикнување, а не негрижа за производството на тутун.

3. Откупот на тутунот да се врши од 15 декември во тековната до 31 март наредната година. Доколку откупувачите не го почитуваат ова, да бидат подложени на соодветни санкции.

4. Подршка на откупувачите односно откупните комбинати во случај на нивна нелихвидност. Тоа претставува можност Бирото на стоковни резерви да го откупува тутунот кој не е откупен од комбинатите, а тоа е направено без вина на тутунопроизводителот. Откупот од Бирото за стоковни резерви да се врши по заштитната цена.

5. Исплатата на откупениот тутун да започне најрано 15, а најдоцна 30 дена од денот на предавањето на тутунот на откупувач.

Вградувањето на овие измени во постојниот закон за тутун претставува неопходност за остварување на интересите на државата, интересите на тутунопроизводителите интересите на тутунските комбинати. Впрочем, во оваа насока се и барањата на нивните претставници, на претставниците и на комбинатите и на производителите на тутун кои бараат измените на постојниот Закон за тутун да бидат да бидат во правец на:

1. Во новиот закон за тутун да се вметне одредба за започнување на откуп на тутунот во термин кој е реален за оваа култура. Тоа е внесено во овие Предлог измени на Законот за тутун.

2. Да се дефинира местото и улогата на индивидуалниот тутунопроизводител. Тоа е во насока на она што зборуваше претходниот дискутант, а што се однесува на целосна поставеност на местото на индивидуалниот производител на тутун и негова целосна заштита од страна на државните органи со решенија кои ќе бидат вградени како законски решенија.

3. Прецизирање на времето од продажбата до исплатата, со пакет мерки во случај на кршење на законот.

4. Државата да има увид во договорите за откуп што тутунските комбинати ги потпишуваат со тутунопроизводителите.

5. Во договорот меѓу производителот и откупувачот да стои загарантираната откупна цена и која сорта тутун треба да се произведува.

6. Загарантирана цена на тутунот преку паритети со други земјоделски култури.

7. Редефинирање во членот на законот кој може да го врши ценењето на тутунот.

8. Производство, обработка и подготовка на тутунот за извоз преку стимол од државата во вид на заштитник и фискални мерки.

9.Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување на тутунопроизводителите преку нивната основна дејнсот.

10. Во законот неопходно е да се дефинир асортно одгледување на тутун по региони.

11. Да се формира Фонд за тутун преку кој би се овозможила поедноставна соработка со државните институции во време на кризните ситуации.

12. Разликата меѓу откупната и заштитната цена на тутунот ќе ја покрива државата.

13. Ако тутунот не е исплатен од страна на откупувачот во предвиденито рок да настапи Бирото за стоковни резерви и да го изврши плаќањето.

Почитувани пратеници, во ова Собрание постојано зборуваме за почитување на барањата и интересите на граѓаните кои не избрале. Еве ви шанса да покажете на дело дек анавистина ги почитувате барањата на вашите избирачи. Тоа можете да го направите само со гласањето за вакви измени на Законот за тутун, за измени кои дирекно кореспондираат со интересите на граѓаните, на избирачите,

кои директно зависат од оваа дејност. Со декларативно залагање кое не добива практична потврда не можеме да очекуваме доверба од граѓаните кои не' бираат. А верувајте дека без вакви измени кои што водат кон заштита на тутунот како општо добро, кон заштита на тутунопроизводителите, кон заштита на тутунското стопанство во целина нема начин да се остварат очеквуањата на граѓаните кои директно или индиректно се насочени кон тутунското производство, кон откупот, обработката, преработката и прометот на тутунот и тутунските производи. Тие граѓани ќе бидат приморани да ги остваруваат своите интереси на начин кој не е добар ниту за Владата, ниту за државата во целина. Впрочем, тие не гласаат тука за сите нас, тие не гласаа за оние што се на власт, не ја дадоа нивната доверба за таа да биде употребена против нивните интереси и нивните очеквуања. Ако паднат на колена тутунските комбинати, кој ќе биде тој кој што ќе ги врати 40-те милиони евра кои тие и ги должат на државата? Кој ќе ги врати другите 120 милиони евра кои ги должат кон банките и другите доверители? Ако се уништат тутунските комбинати, кој ќе ја плати социјалната сигурност на семејствата кои се издржуваат од платата на вработените во овие комбинати. Ако се престане со производството на тутун, кој ќе ја плати социјалната цена за тоа.

Која држава не се грижи за сопственото тутунско стопанство? Постојано се зборув аво Парламентот дека донесуваме закони за да бидеме компатибилни со другите поразвиени држави. Зошто тогаш и во овој случај Владата не се однесува на таков начин, туку се однесува спротивно на тоа.

Покрај овие, има и многу други прашања на кои ќе морате да одговорите пред граѓаните на оваа држава, а на тоа нема долго да чекаме затоа што тој одговор брзо ќе го дадат изборите што следуваат. Факт е дека нови вработувања нема, напротив, само отпуштања од работа. Сега предлагаме заштит ана тутунопроизводството, Владата тоа не го прифаќа. Така е и со заштитата на земјоделството во целина. Зарем сметате дека ова може да се трпи бескрајно долго?

За да не се усложнат состојбите во оваа област, а со цел да се реагира правовремено пред отпочнувањето со откупот на тутунот од овогодишната реколта, како и за да укажеме на лошите последици кои ќе се предизвикаат со дистанцирањето на Владата од тутунското стопанство, Ви го предложивме овој закон за измена и дополнување на Законот за тутун и од овие причини апелирам до сите вас да ги изгласате овие измени. Да им дадете подршка на луѓето со работа, со мака да си помогнат во преживувањето во овие тешки економски, социјални и

воопшто тешки егзистенцијални услови. Да им дадете можност на тутунопроизводителите со труд, со работа, да си помогнат самите себеси, затоа што од Владата нема што многу да очекуваат. Тоа го видовме изминатата година, тоа ќе го гледаме и во иднина.

Се надевам дека со изгласувањето на овие измени Собранието ќе се издигне на ниво на вистински законодавен дом, кој ги почитува интересите на граѓаните и носи закони почитувајќи ги барањата и очекувањата на оние чии избраници се.

На крај, сакам да ви цитирам констатации и факти кои што ги дава Владата на Република Македонија, оваа иста Влада која што дава негативно мислење за носењето на овој закон.

Цитирам: “Производството на тутун, а особено производството на ориентални ароматични тутуни, зазема мошне значајно место во агроиндустрискиот комплекс и игра важна улога во економскиот развој и вкупното стопанство на Република Македонија.

Ова го имаме добиено како пратеници со потпис на премиерот на Владата на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски.

Значи, уште еднаш ќе повторам. Владата вели дека тутунот зазема мошне значајно место во агроиндустрискиот комплекс и игра важна улога во економскиот развој и вкупното стопанство на Република Македонија. Дали со негативното мислење кое што го дава Владата по однос на овие предлог на законот за измени на Законот за тутун, го потврдува она што самата таа го кажува. Значењето на производството на тутун, може да се види и од фактот дека производството на тутун првенствено е извозно ориентирано. Од големо значење е и неговото непосредно учество во формирањето на националниот доход на државата. Исто така, тутунот како трудоинтензивна кутлтура има големо значење и од социјален аспект, како во примарното производство, така и во тутунската индустрија. За илустрација ќе ги презентираме следните податоци. Во примарното производство кое се движи од 25.000 до 30.000 тони суров тутун во лист, ангажирани се околу 40.000 домаќинства, или приближно 200.000 производители. Изразено во проценти, тоа би изнесувало околу 10% од вкупното население на државата. Просечното производство на ферментиран тутун се движи од 22.000 до 26.000 тони, а на цигари просечното производство во земјата изнесува околу 10.000 тони. Во тутунската индустрија ангажирани се околу 8.000 работници. Со извозот на ферментиран тутун и цигари се остварува голем извозен ефект во вредност од 80 до 120 милиони американски

долари, што претставува околу 9,5% од вкупниот извоз кој се остварува годишно од Република Македонија.

Почитувани пратеници, особено пратениците од парламентарното мнозинство. Апелирам, ништо друго само да ги почитувате овие констатации кои што ги дава Владата за која што вие гласавте.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Апостолов Петар.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Почитуван претседател, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас не се јави за дискусија, туку се јавив само да го изнесам ставот на пратеничката група на Либерално - демократската партија во однос на предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за тутун, со Предлог закон, предложен од двајца пратеници. Нашиот став е негативен, заради овие две причини:

Прво што таков закон, но се разбира со друга содржина е веќе во собраниска процедура. Ние се изјаснивме, мислиме дека нашите забелешки ќе бидат прифатени, барем поголем дел и ќе бидат вментнати во предлог законот.

Втората причина зошто се изјаснуваме негативно е уште поголема, заради несериозниот пристап на самите предлагачи конкретно предлагачите на законот не беа присутни на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мислам дека предлагачи на закон во таа иста област да не бидат присутни да го бранат законот  е несериозен пристап, а бараат сериозност во пристапот на овој закон.

Инаку, ние како пратеничка група од ЛДП во принцип со сета сериозност ќе ги подржиме сите иницијативи кои произлегуваат од самите пратеници во смисла на донесување на некој предлог закон или измена на некој предлог закон, но, за жал, во конкретниот случај заради горенаведените причини ние не можеме да го подржиме овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван колега, јасно ми е зошто вие не гласате за овој предлог закон, тоа е едноставна причина и многу јасна, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е Славко Петров кој потекнува од вашата партија, тоа е ваш предлог и заради тоа вие морате да зборувате како што зборувате.

Во однос на вашето обвинување на неприсуство на пратениците на Комисијата, можам да ви кажам да го упатите вашето обинување во Владата на Република Македонија која денес на самата седница даде мислење по однос на овој закон, а до Комисијата немаше дадено мислење до денот на одржувањето на Комисијата и ставањето како точка на дневен ред на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Дури сега разбрав зошто овој закон е предложен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како предлагач се јави господинот Жарко Караџоски или е реплика на претходниот дискутант.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Слушнавме од господинот Петар Апостолов две причини поради кои ЛДП нема да го поддржи нашиот предлог. Јас навистина во чуда не верувам и најмалку што би очекувал тоа е дека ЛДП ќе го подржи овој закон, меѓутоа, се надевав дека барем ќе дадеа подобри аргументи во однос на тоа зошто нема да го подржат.

Не слушнав ниту еден коментар, ниту еден збор за тоа по однос на она што го предлагаме, што недостига и што е тоа што евентуално би можеле да го корегираме и во делот на ова што предлагаме што би било тоа негативно.

Едноставно, слушнавме образложение дека таков закон, како што кажа таков закон ама со друга содржина бил предложен од Владата и се надеваме дека Владата ќе ги послуша сугестиите на пратениците и во втора фаза ќе предложи еден закон кој веројатно ќе биде по вкус на пратениците од ЛДП.

Меѓутоа, би сакал да го потстам колегата дека тој предлог што го понуди Владата, за кој парламентарното мнозинство се изјасни позитивно е апсолутно спротивен на она што ние го нудиме, апсолутно спротивен дури и на потребата од постоење на еден закон за тутун, затоа што ништо друго не понуди освен укинување

на членови, менување на членови и бришење на улогата на државата од тутунопроизводството и се што подразбира тутун.

Значи, ги остава и откупувачите и тутунопроизводителите сами да си ја решат состојбата со тоа што има само една новина во тој закон дава можност на странските претпријатија да учествуваат во откупот на тутунот.

Ако господинот Апостолов се надева или е оптимист дека господинот Славко Петров како министер ќе ги прифати тие забелешки што ги искажавме овде, јас морам веднаш на почетокот да го разочарам, затоа што не верувам дека апсолутно оној текст што е понуден во првата фаза нешто драстично ќе биде изменет, затоа што во целина стратегијата што ја има Владата, ја кажа и министерот, нема да се разликува од она што е основен текст на законот.

По однос на втората забелешка дека ние двајцата предлагачи сме имале несериозен пристап, бидејќи не сме присуствувале на Комисијата, само да го потсетам колегата Апостолов дека несериозниот пристап е токму од Владата, затоа што Владата најде за потребно од денот на поднесувањето на овој закон да даде мислење за тоа дали треба да биде прифатен или не, добивме дури денеска на работната маса, меѓутоа, Деловникот не ни дава право на комисиите да расправаме по текстот ниту да го браниме законот доколку нема мислење од Владата. Заради тоа не присуствувавме и нашето присуство ќе беше илузорно, затоа што немаше да добиеме ниту збор. Спрема тоа, очекував подобри аргументи, очекував нешто повеќе да каже господинот Апостолов во она што се нуди и што е тоа лошо, отколку само сувопарно да се каже несериозен е пристапот на пратениците и тн. и тн.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон, со изменување и дополнување на Законот за тутунот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, 21 за, против 39, воздржани 3.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Преминуваме на Шесттата точка, но предлагачот господинот Томиќ не е тука. Значи и таа точка ќе ја одложиме.

Преминуваме на Седмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.

Тука е претставникот на Владата, предлагачот.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Пеева Лауренчиќ Ангелка.

АНГЕЛКА ЛАУРЕНЧИЌ-ПЕЕВА:

Благодарам претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Доставениот предлог на Владата за изменување и дополнување на Законот за утврдување на платата на јавните приходи, со Предлог на закон, навидум можеби претставува законско решение, што не предизвикува сериозни последици во функционирањето на системот на наплата на побарувањата помеѓу правните субјекти, заради што Владата смета дека понуденото решение не е сложен и обемен закон и за истиот препорачува усвојување на иста седница.

Претпоставувам дека ваквата измена се бара заради времетраењето на постапките за наплата на јавните давачки, што секако е прашање што треба системски да се решава, а не парцијално како што е во понудениот предлог за измена на законот. Дозволете ми да изразам резерва во врска со понуденото решение и тоа во два правци.

Прво, неговата усогласеност со постојниот закон за извршната постапка и второ, начелото на еднаква позиција на правните субјекти на пазарот, што секако не ја исклучува државата како правен субјект.

Имено, постојниот закон за уредување на наплатата на јавните приходи предвидува дека присилната наплата во случаи кога даночниот обврзник во пропишан рок не го платил доброволно даночниот долг, паричните казни и каматите, дека најнапред се врши процена на имотот и истиот се дава на јавно наддавање. Предложената измена на законот предвидува исклучок од горенаведената процедура и ја вметнува државата како привилегиран пазарен субјект, кој заради обезбедување на нејзините потреби, а во функција на нејзината дејност, се исклучува од делот на јавна продажба, особено кога се работи за недвижен имот, со што имотот и се отстапува на нејзино користење. Вака понуденото решение се коси

со начелото на еднаквост на пазарните субјекти, што е една од водечките принципи на либералната економија, но едновремено отвора простор на недоверба кај останатите субјекти, пред се заради големото дискреционо право што државата сама себеси си го овозможила.

Од друга страна, неслучајно во законот постои институцијата јавна продажба, со која во принцип треба да се обезбеди пазарна цена од која можат да се намират и други доверители, или да се произведат ред други последици, зависно од пазарната вредност на имотот, а не од онаа проценетата која не е и секогаш пазарна.

Ако нашата пратеничка функција не задолжува да ги штитиме интересите на сите граѓани, тогаш во овој случај сме должни да укажеме на недокрај принципиелната измена што се нуди и да побараме понатамошно допрецизирање на користењето на дискреционото право на државата, или пак да се вложи дополнителен и сериозен напор прашањето на ефикасноста на постапките, системски да се уреди во правец на заштита на доверителите. Се разбира, не се сомневам во искрените намери на предлагачот да го заштити државниот интерес и дека сигурно за тоа има сериозни аргументи и елементи за расправа. Но, исто така сметам дека таквите намери треба да бидат докрај јасни, прецизни, издржани и погодни за примена на секој правен субјект, по иста процедура и исти правила на игра.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Дозволете ми од името на Комисијата за финансирање и буџет, како нејзин претседател и известител, да го соопштам ставот и да пренесам она што таму се зборуваше.

На почетокот веднаш мора да кажам дека ме радува што и пратеник од позицијата горе - долу го апсолвира она што сето беше истакнато и на Комисијата за финансирање и буџет, што јасно зборува дека навистина има проблем од правен аспект, од уставен аспект, поточно за суштината на овој закон. Иако законот во суштина е еден член, членот 51-а кој што го предлага предлагачот, навистина е доста дискутабилен. Јас би го прочитал колку да биде појасно - “Доколку предмет на присилна наплата е недвижен имот и други предмети, Владата на Република

Македонија без јавна продажба може да ги отстапи на државни органи ако тие се потребни за вршење на нивната дејност". Тука е целиот проблем, значи присилната наплата кај недвижностите е регулирано во Законот за извршна постапка и таму е се добро појаснето како таа се одвива. Таму имаме продажба, проценка и тн., една постапка која што е навистина регулирана во тој закон, а која што на овој начин со овој член на закон отстапува од тој закон и тука се поставува проблемот на законитоста и автоматски на уставноста.

Исто така, самиот член е нејасен. Вели, Владата на Република Македонија без јавна продажба може да ги отстапи на државните органи и тука е нелогичноста, значи Владата за да нешто отстапи треба претходно да стане сопственик, станува збор за недвижен имот. Затоа, присилната наплата со јавна продажба е регулирана во тој закон кој што го спомнав, каде што целта е да се земе една пазарна вредност, или една вредност на тој имот и од добиените пари да се подмири долгот. Значи, нема стекнување на сопственост на Владата, па да таа распределува нешто на некого, туку има намирување на долг врз основа на паричното побарување кое што ќе биде наплатено со продажба на недвижноста. Таа е суштинската разлика. Тоа исто така за потсетување е, а и на Комисијата тоа се констатира, дека сепак овој закон, значи за утврдување на наплата на јавните приходи е закон каде што роковите се од итен карактер, поточно правото на жалба воопшто не гозапира извршувањето, така да можноста со вакво едно реализирање на наплатата врз основа на недвижности како што и предвидува овој член, може да наликува на една апсолутно правна сигурност на граѓаните, со тоа што на некој начин истиот ќе наликува на некаква национализација или експропријација. Тука е и правната несигурност, затоа што неовозможувањето некој да се жали во една постака како што е утврдена во Законот за извршна постапка, може да доведе до тоа имотот да биде одземен, па потоа кој како се жали тоа е небитно. Сето тоа беше укажано од Комисијата за финансирање и буџет, јас мора да констатирам дека Комисијата го прифати законот, меѓутоа, со многу тесно мнозинство, поточно 6 гласа за, 5 против, што укажува на тоа дека навистина и во самите дискусии преовлада мислењето кое јас и колешката го делиме.

Заради тоа, апелирам до пратениците сериозно, ако доволно го причитале, да размислат кога гласаат, да не воведеме нешто што навистина се коси со правната сигурност на граѓаните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ве поздравувам сите. За овој предлог закон се разви дебата и во Законодавно-правната комисија. Таму го нагласив моето мислење. Накратко ќе се обидам истото мислење да го изложам и овде. Многу беа јасни сите дискутанти пред мене и јас лично им се придружувам на тие дискутанти и сметам дека предлагачот пред да го направи овој предлог на текст требало добро да го анализира и да го хармонизира, да го усогласи со Законот за извршна власт. Дискутантите пред мене елабориреа детално за Предлог законот. Посебно јас се сомневам во одредбата, или во членот 1 од предлог текстот и членот 51 од Законот за одредба и извршување на јавните приходи, бидејќи така како што е формулирано овде, мислам дека прдлагачот ќе создаде една правна празнина. Всушност се работи за следново. Во случај кога како објект на насилно извршување ќе биде некоја недвижнина која што може да има поголема вредност од долгот, може да дојдеме во ситуација во оваа прилика вака како што е предложено тука да нема можност да се реши со одредба и токму поради тоа може да се види, значи, треба да се види што да се направи со вредноста на насилно извршениот објект. Токму поради тоа јас мислам дека предлагачот требало добро да го анализира предлог текстот и да го усогласи со одредбите на Законот за присилно извршување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Ефтим Манев.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, предложениот закон кој што е точка на дневниот ред сметам дека е како што е дадено во членот 51-а не го подобрува правниот систем во РМ, туку истиот го дерогира, го расипува, го прави некоегзистентен, а исто така самата одредба на тој член на голема врата дозволува на државата да ги злоупотребува граѓаните во РМ, иако истиот се однесува за одредби, граѓани кои што подложат на одредени давачки, даноци, или било што, кои што не ги платиле да може дел од нивниот имот, подвижен па и недвижен да биде одземен од страна на државата без јавно наддавање.Што укажува ваквата одредба? Сосема на неправичност и сосема неутврдена висина на самите предмети кои што ќе бидат предмет на таквото одземање, бидејќи вредноста на предметите кои ќе бидат предмет на продавање по пат на јавна продажба, бидејќи се избегнува во оваа состојба, само јавното наддавање ја утврдува нивната вредност која е таа права пазарна вредност. А вака, државата без да го има тој инструмент ќе одреди за

одрдена висина на побарувања од одреден граѓанин да биде одземена одредена имовина. Сметам дека истиот е и против уставен како што е поставен. Мој предлог е овој закон да оди само во прва фаза, потреба од донесување. На основа на сите дискусии кои што произлегоа овде и во комисиите предлагачот, Владата да го преуреди во тој дел, да го направи поконзистентен и поправичен а не како што е вака предложен.

ЉУБЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збро г-ѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

И овој закон беше пред ЗПК и беше поддржан со 7 гласа за, против 2 и еден воздржан. Сметам дека од претходните дискутанти тезата дека овој закон е спротивен на одредбите од Законот за извршна постапка, не држат од следните причини. Сега ќе цитирама, затоа што се работи за законска одредба.

Членот 1 од Законот за извршна постапка гласи: Со овој закон се определуваат правилата според кои Судот постапува заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, како и заради обезбедување на побарување.

Став 2, одредбите на овој закон применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка. Тоа значи, во оваа постапка која гласи: на исполнување на парични обврски, како и на обезбедување на парично побарување за кое се одлучува во управна постапка, освен ако за тоа извршување и обезбедување со Закон е определена надлежност на друг орган. Што значи, со законот за утврдување и наплата на јавни приходи утврден е орган, друг орган за извршување, или обезбедување на паричното побарување. Тој орган е Управата за јавни приходи. Во Законот за утврдување и наплата на јавните приходи си има посебна постапка на присилно извршување за наплата на јавните давачки. Во овој закон како лекс специјалис со ниту една одредба не се повикува на Законот за извршна постапка, затоа што на посебен начин со овој закон е утврдено постапувањето, односно извршувањето во овој случај. Значи, не станува збор дека одредбите на овој закон се спротивни со одредбите од Законот за извршна постапка дотолку повеќе што Законот за извршна постапка, одредбите не важат во овој случај. Меѓутоа, што може овде да биде спорно? Спорно е што може да се случи одредена недвижност бидејќи не се става на јавно наддавање да не ја постигне пазарната вредност. Но, сепак, сметам дека имаме посебен закон лекс специјалис во кој што се уредува начинот на извршување при наплатата на јавните давачки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави заменик министеот за финансии г-динот Димко Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Почитуван г-дине претседателе,

Дозволете ми прво да ви го честитам изборот и да ви посакам плодна и успешна работа во периодот што следи и добра соработка со пратениците и со Владата на РМ.

Што се однесува до Законот за кој што дискутираме денеска настанаа неколку забуни и можеби преку сето тоа се добива еден впечаток, дали државата може да ги злоупотреби граѓаните, дали тоа може да наликува на експропријација или национализација. Меѓутоа, не станува збор воопшто за постапка која што ги загрозува интересите на граѓаните на РМ. Станува збор за должници. И ние во сиот овој концепт кој што го градиме во нашата држава должниците не треба да ни бидат приоритет и предмет на заштита. Меѓутоа, и во сета таа постапка можам да констатирам и да ги уверам пратениците дека присилната наплата е последната мерка која ја применува државата со цел да го наплати долгот кои го должат даночните обврзници. Според тоа, даночниот обврзник може да побара репрограм на долгот, односно одложено плаќање. За неплатениот долг Управата за јавни приходи прво доставува писмена опомена да го плати пристигнатиот даночен долг во рок од 8 дена. Трето, доколку во рок од 8 дена не се плати долгот на Управата за јавни приходи, ќе донесе решение за присилна наплата која се состои во попис и проценка. Четврто, против решението за присилна наплата даночниот должник има право на жалба. И на крај проценка на имотот ја врши даночнит извршител, но по барање на даночниот должник Управата за јавни приходи е должна да повика проценител се со цел по објективно утврдување на вредноста на имотот. Значи, станува збор за мерка која ги задоволува сите овие активности и дури после тоа присилната наплата е последна можност.

Впрочем уште една работа. Во Законот кој што е донесен за изменување и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи во Собранието на РМ на 18 јули 2002 година членот 7 од измените во членот 58 стои: по исклучок Владата на РМ може запленетите предмети да ги отстапи на државни органи, ако тие предмети се потребни за вршење на нивна дејност. Тоа значи дека и другите норми и оваа норма е во согласност со она за кое што постои одредена доза на резерва кај одредени пратеници дека државата ќе ги злоупотреби своите

ингеренции и компетенции. Во никој случај не ни беше, ниту е намерата на Владата со тоа да постигнуваме таква цел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и пред да преминеме на гласање по заклучокот ги повикувам сите пратеници кои што се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот закучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за утврдување и наплата на јавните приходи.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници.

За гласале 47 пратеници.

Против 13. Воздржани 3 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 50 пратеници, воздржани нема и против 11 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1 во новиот член 51-а.

Отворам претрес по амандманот на членот 1 во новиот член 51-а поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи амандманот се прифаќа и овој амандман станува дел од Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 48 за, 12 против и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнувања на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Минуваме на точка 8. - Предлог за донесување на закон за вршење на услуги брз трансфер на пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници, пред вас е еден нов закон за вршење на услуги брз трансфер на пари, така е неговиот наслов. И со овој закон сакаме да постигнеме две цели. Едната е да се доближиме кон законодавството на ЕУ според кое трансферот на пари е финансиска услуга што ја овозможуваат институции кои не се банки, тоа е член 1 точка 5 од директивата 2000/12 на ЕУ.

Втората цел што сакаме да ја постигнеме е регулирање и соодветна контрола над субјектите кои години station наназад вршат финансиска активност брз трансфер на пари. Со воспоставувањето на правна рамка за вршење на брз трансфер на пари ќе се засили здравата и лојална конкуренција на финансискиот пазар и ќе се овозможи имплементација на соодветната даночна политика со позитивни даночни ефекти. Со предложениот закон се регулира начинот и условите за вршење услуга брз трансфер на пари, лиценцирањето, надзорот и санкционирањето на субјектите кои вршат брз трансфер на пари. Терминот брз трансфер на пари е употребен со цел да се направи јасна и воочлива дистинкција во однос на трансферите кои се извршуваат исклучиво преку банки, капитални и тековни трансфери, кои се извршуваат во врска со плаќањата врз основа на размена на стоки и услуги. Специфика на брзиот трансфер на пари е преносот на парите се врши електронски односно уплатените пари можат да се подигнат речиси во истиот момент кога се уплатени без да се чека физички пренос на парите.

Преносот односно уплатите и исплатите на пари се врши исклучиво од и на физички лица. Преносот на пари не можи да се врши помеѓу физички лица во Република Македонија.

Четврто, уплатите и исплатите се исклучиво во ефективни странски пари и тоа оние кои се предмет на купопродажба на девизниот пазар во Република Македонија.

Петто, износот на пари што може да се пренесува е ограничен и тоа на уплатите до 2500 евра месечно по физичко лице, што е идентично со дозволените трансфери.

По основ на умерени дознаки, дознаки за семејни и животни трошоци и на исплатите до 5000 евра дневно по физичко лице што е помалку од дозволениот максимум за слободно внесување при влез во Република Македонија.

Фактичкиот трансфер на пари се врши преку сметка отворена во Деловна банка овластена за платен промет со странство.

Според наведените специфики, давателите на услуги, брз трансфер на пари не претставуваат конкуренција на банките во платниот промет во земјата, во капиталните трансфери, трансферите наменети за плаќање на стоки и услуги, ниту пак во работењето на банките со правните лица.

Конкуренцијата е можна исклучиво кај помали трансфери помеѓу физички лица при што конкурентноста на давателот на услуга брз трансфер е во брзината, а не во цената на услугата.

Услугата брз трансфер на пари во Република Македонија ќе можат да ја даваат трговски друштва, даватели на услуга брз трансфер на пари врз основа на дозвола издадена од страна на Народна банка на Република Македонија и трговски друштва субагенти врз основа на договор склучен со давателот на услуга, брз трансфер на пари.

При одлучување по барањето за издавање на дозвола задолжително се врши проверка на интегритетот и репутацијата на одговоните лица и вработените, што се обезбедуваат преку документи за неосудуваност за кривично дело од областа на финансиите, непостоење мерка забрана за вршење на професија, дејност и должност, идентитетот, образованието, искуството, непокрената постапка за стечај и ликвидација, редовност во плаќањето на јавните давачки и тн.

За вршење на услугата брз трансфер на пари, трговските друштва се должни да обезбедат соодветен деловен простор, опрема, информативен систем и процедури за работење и заштита на перење на пари и тоа според стандардите што ќе ги пропише Народната банка на Република Македонија.

Еден од основните и битни предуслови за добивање дозвола од Народната банка е трговското друштво - давател на услуга брз трансфер на пари да има склучен договор со глобален систем за електронски трансфер на пари и истиот да го достави до Народна банка на Република Македонија заради оценка.

Глобалниот систем е ссубјект кој е функционален во најмалку сто земји во светот со што се осигурува електронски трансфер на пари да се остварува преку големи и меѓународни афирмирани системи.

Овие оперативни системи имаат воспоставено високи стандарди во однос на субјектите на кои го даваат овластувањето за вршење трансфер на пари, работење, надзорот особено на контролата и заштита на перењето на пари.

Сите даватели на услуги без оглед во кој дел од светот се наоѓаат се поврзани во единствениот информативен систем кој ги евидентира и кодира уплатите во моментот кога се извршени и ги следи до моментот на исплатата.

Надзор над работењето и усогласеноста со прописите на давателите на услугите и на субагентите врши Народна банка на Република Македонија. Надзорот се врши вон теренски преку добиените известувања и извештаи од страна на давателот на услуга брз трансфер на пари и теренски со увид на лице место во просториите на давателот на услуга брз трансфер на пари и на субагентите.

Народната банка е овластена да преземе мерки во насока на отстранување на утврдените неправилности и незаконитости или пак да наложи раскинување на договор со субагентот, односно да ја укине дозволата издадена на давателот на услуга брз трансфер.

Сметаме дека со еден ваков нов закон ја институционализираме оваа активност и услуга во сферата на финансиите што недостига во нашиот систем.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Вака стојат работите. Има тројца пријавени. Господинот Шапуриќ, а има уште 7 минути до 16,00 часот, па господине Шапуриќ, ако ви трае дискусијата 7 минути повелете.

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

Јас би сакал да кажам неколку реченици затоа што се работи за еден важен закон навидум можеби само легализација на постојната состојба, меѓутоа, навистина овој закон е значаен од неколку причини:

Меѓународната заедница изразува голема скепса во поглед на брзиот трансфер на пари затоа што ваквиот трансфер на пари вон банкарските текови доколку не се изградат силни и прецизни заштитни механизми за контрола на ваквиот начин на трансфер на пари претставува силна и потенцијална опасност за перење на валкани пари особено оние од нелегалната трговија со оружје, дрога и бело робје.

Алтернативните системи за дознаки можат прилично лесно да се користат како средство за перење или како средство за прикривање на активностите за перење на пари. Основна карактеристика на овие системи е тоа како и во формалниот банкарски систем односно одат вон формалниот банкарски систем, износите се пренесуваат од едно на друго место без притоа физички да се пренесуваат и овие најчесто делуваат надвор од националните финансиски токови и националната финансиска регулатива.

Јас би кажал дека за да донесеме еден ваков закон неопходно е да се направи силен механизам на заштита. Потребна е измена и на другите закони како Законот за девизно работење, Законот за финансиска контрола, законите кои ја регулираат финансиската контрола, бидејќи овој закон сам по себе не може да го обезбеди тоа и оттаму ме зачудува што се обидуваме овде само во една фаза да донесеме еден радикален пресврт во финансиските текови во Република Македонија.

Би било добро и јас го повикувам предлагачот заменикот министер да го измени своето мислење и својот став и законот да оди само во една фаза.

На крајот би кажал дека и препораките на  АТФ, тоа е оперативна група против финансиските дејства на перење на пари укажуваат на ова дека е потребна максимална идентификација на клиентите, инаку неспорно е ова што го кажа господинот заменик министер дека во деведесет и неколку земји овој начин се применува. Меѓутоа, во секој случај потребни се и заштитни механизми.

Во членот 27 на пример со само еден член, со една реченица е дадено дека ќе се води сметка од заштита на перењето на пари, меѓутоа, ова не  ме убедува затоа што е потребна измена, како што кажав, и на другите закони.

Во други закони имаме ограничувања на трансакции на 10,15 илјади евра, а овде имаме 5000 евра дневно  без да ги изградиме заштитните механизми.

Исто така, овие препораки, меѓу другото, јас нема да ги набројувам овие мерки, сигурно ги знае и господинот заменик министер, укажуваат дека е потребна прецизна законска регулатива околу идентификацијата на клиентите, изворите односно потеклото на овие пари, како и чувањето на досиејата минимум 5 години.

Затоа сметам дека вакво сериозен пресврт во трансферот и во начинот на финансиското работење, повторувам, е неспорен во многу земји во светот, треба да оди во две фази и да биде паралелен со измена на другите закони.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ.

Денеска тука ќе завршиме со оваа седница, останувaат уште двајца дискутанти, едниот е Зоран Заев, а другиот Ванчо Стаменков.

Продолжуваме утре и ако утре ја завршиме оваа седница, ќе продолжиме со 40-тата седница, онаа седница каде Законот за државјанство и уште две-три точки.

Благорадарм, се гледаме утре.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот)